# ХОМО СЕКСУАЛНОСТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Главен уредник: Жарко Трајаноски**
**Помошник уредник: Славчо Димитров**

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

**Коалиција 'Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници'**
**Скопје, 2011**

*С о д р ж и н а*

**Жарко Трајаноски**
**Кон нехомофобично и нехетеросексиситичко образование** **2**
**Георги Медаров**
**Преглед на три македонски учебници по социологија** **13**
**Снежана Врангалова**
**Третманот на хомосексуалноста во образованиот систем во Република Македонија** **24**
**Катерина Колозова**
**Критичко исчитување од перспектива на родовата сензитивност и сензитивноста во поглед на ЛГБТ – популацијата на учебниците по Филозофија и по Етика** **43**
**Славица Гајдаѕис – Кнежевиќ**
**Критички осврт на третирањето на сексуалниот нагон, сексуалноста и на сексуалната ориентација во стручната литература во медицината и во психологијата во Македонија** **51**
**Беким Кадриу**
**Хомосексуалноста во учебниците од областа на правните науки во Република Македонија** **63**
**Белешка за авторите** **71**
**Белешки** **74**

# Кон нехомофобично и нехетеросексиситичко образование

Жарко Трајаноски

„Образованието ќе биде насочено кон целосниот развој
на човековата личност и кон зајакнување и почитување
на човековите права и основни слободи.“ (чл. 26 од УДЧП, 1948)

## Кон недискриминациско образование

Државите имаат обврска да обезбедат образование насочено кон целосниот развој на човековата личност и кон зајакнување и почитување на човековите права и основни слободи. Токму затоа, образованието мора да биде ослободено од *сите* форми на дискриминација. Следствено, образовните програми и материјали треба да бидат ревидирани за да не содржат елементи, не само од расна, верска и од етничка дискриминација, туку и од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и на родот (вклучително и на родовиот идентитет и / или изразување).
Според специјалниот известувач за правото на образование на ОН, ова право подразбира и право на сеопфатно сексуално образование, кое се смета за „основно орудие за докрајчување на дискриминацијата кон лицата со поинакви сексуални ориентации“.[1] Специјалниот известувач на Обединетите нации во потполност го прифати принципот дека „сите лица имаат право на образование, без дискриминација врз основа на (и земајќи ја предвид) нивната сексуална ориентација и нивниот родов идентитет.“[2]
Поаѓајќи од потребата за почитување на сексуалните, родовите и на културните разлики, со години наназад ОН развиваат стандарди за сеопфатно сексуално образование што треба да започне од најмалата возраст. Според насоките на УНЕСКО[3], „безбедноста во училишната средина треба да биде зајакната со антихомофобични политики и со политики против родовата дискриминација, кои се конзистентни со наставната програма“. [4] Секако, за да може да се спроведе ваквата насока, се претпоставува постоење на наставни програми и на наставни содржини што не дискриминираат, туку го адресираат проблемот со сексуалната и со родовата дискриминација.

## Почит кон сексуалната различност и кон различните потреби

„За да биде сеопфатно, сексуалното образование мора да посвети особено внимание на различноста, бидејќи секој(а) има право да се занимава со неговата или нејзината сексуалност без да биде дискриминиран(а) врз основа на сексуалната ориентација или родов идентитет.“ [5]

Образованието треба да одговара на потребите на учениците и на студентите од сите сексуални ориентации и родови идентитети. Во таа смисла, правото на образование подразбира и обврска на државата да обезбеди едукативни методи, наставни програми и други ресурси што, меѓу другото, ќе го зајакнат разбирањето и почитувањето на различните сексуални ориентации и родови идентитети, земајќи ги предвид посебните потреби на учениците, нивните родители и на членовите на семејството.[6]
За да овозможи спроведување на правото на образование, секоја држава мора да обезбеди и сексуално образование за младите, на научна и на недискриминациска основа. Ваквата обврска подразбира и програми за сексуално образование што не ги зајакнуваат стреотипите и не ги преповторуваат предрасудите во поглед на сексуалната ориентација, родот, родовото изразување / идентитет.

## Нема место за дискриминациски учебници во образованието

Државата има *позитивна* обврска, во образовниот процес, да оневозможи дискриминациски и негаторски ставови врз основа на сексуалната ориентација или родовиот идентитет / родовото изразување. Најдобра илустрација за ваквата позитивна обврска е одлуката на Европскиот комитет за социјални права по апликацијата на Интерајтс (*INTERIGHTS*) против Хрватска. Комитетот во 2009 г. заклучи дека во еден учебник по биологија постоеле дискриминациски ставови и дека тоа претставува повреда на правото на заштита на здравјето од Европската социјална повелба. Комитетот образложи дека официјалното одобрување или овозможување на учебници што

содржат антихомосексуални ставови (на пр., „хомосексуалните врски се главен виновник за ширење на сексуално преносливи инфекции“) е неисполнување на позитивните обврски на државата. Имено, државата има обврска да обезбеди „ефективно спроведување на правото на заштита на здравјето со помош на недискриминациско образование за сексуално и репродуктивно здравје“. Таквото образование не треба да го „продолжува или зајакнува социјалното исклучување и негирањето на човековото достоинство“.
По одлуката, и Комитетот на министри на Советот на Европа потенцираше дека во сексуалното образование нема место за дискриминациски и негаторски ставови кон „нехетеросексуалците“. Министерството за образование на Хрватска мораше веднаш да го отстрани учебникот од наставата.

**Потребата за измена на наставните програми и материјали**

Најновите принципи и препораки на ОН, во поглед на сеопфатното сексуално образование, наложуваат и ревидирање на наставните програми и материјали што содржат дискриминациски ставови врз основа на сексуалната ориентација и на родовиот идентитет / родовото изразување. Комесарот за човекови права на Советот на Европа, Томас Хамарберг, истакна дека „постои голема потреба за прегледување на наставните програми и на учебните материјали во сите земји-членки на Советот на Европа“[7]. Оваа потреба е истакната и во една од препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа, која ги повикува земјите-членки да им обезбедат на „учениците и студентите неопходни информации, заштита и поддршка што ќе им овозможи да живеат во согласност со нивната сексуална ориентација и со нивниот родов идентитет“.[8]
Во јавниот апел „Училиштата мора да го запрат ширењето на хомофобични и на трансфобични пораки“, Комесарот за човекови права укажа дека дури минатово лето, кај нас, беше донесена одлука за ревидирање на училиштен учебник, кој ги опишуваше хомосексуалците како „невротични и психотични личности“ со „изопачен, неприроден и ненормален сексуален живот“.
Имено, Комесарот за човекови права се повика на одлуката на Комисијата за заштита од дискриминација, која препорача ревидирање на учебникот „Педагогија“, поради тоа што оспорената содржина „претставува вознемирување што предизвикува чувство на пониженост и

повреда на достоинството на група луѓе од страна на Министерството за образование и наука и од страна на авторите на учебникот, која се темели на дискриминациска основа,...“.
На потребата од измена на наставните материјали укажува и Извештајот на ЕК за 2011 година, во кој се истакнува дека ЛГБТ-заедницата продолжува да биде подложена на дискриминација и стигматизација: „Универзитетските и средношколските учебници ја третираат хомосексуалноста како болест“[9]. Во овој контекст, извештајот потенцира дека, главно, постои потреба да се подигне свеста, не само за одредбите содржани во Законот за недискриминација[10], туку и во врска со принципите на почит и на толеранција кон различноста.

**Укажувања и барања на здруженијата на граѓани**

Повеќе здруженија на граѓани, активисти за човекови права и на експерти, укажуваа на потребата за ревидирање на дискриминациските содржини од учебните материјали. Така, на пример, во истражувањето на Х.Е.Р.А, каде што се анализирани повеќе наставни содржини од средното и од основното образование, се истакнува дека „повеќето учебници нудат дискриминациски перспективи кон лицата со поинаква сексуална ориентација, а понудените информации развиваат негативни стереотипни вредности и поттикнуваат ширење на хомофобија кај учениците“.[11]
Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија најостро реагираше на „публикацијата и употребата на три учебници што активно се користат од страна на студентите на факултетите за медицина, стоматологија и за психологија[12]. Хелсиншкиот комитет забележа дека „во сите овие учебници хомосексуалноста се третира како болест и како социопатолошка појава и како растројство на сексуалниот нагон“.
И Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ неколкупати до министерот за образование упатуваше барање министерството да спроведе систематска ревизија на целокупните образовни програми, со што би се коригирале и би се спречиле сите можности за хомофобија и секаков друг вид на говор на омраза и дискриминација во образовниот систем“.
За жал, до пишувањето на овој увод, од Министерството за образование не добивме повратна

информација дали е воопшто разгледувано нашето барање.

**Стручни анализи и препораки за измена на наставните содржини**

За да ја подигне јавната свест за потребата од итни измени на наставните материјали што третираат теми во врска со сексуалната ориентација, родот и со родовиот идентитет/ родовото изразување, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ одлучи да објави мал зборник со неколку стручни анализи на дел од учебниците за средно и за високо образование.
Стручните анализи се подготвени од избрани учени луѓе, кои ги идентификуваат проблемите од својата област и даваат препораки и насоки за измена на проблематичните наставни содржини во врска со сексуалната ориентација, родот и со родовиот идентитет / родовото изразување.
Во зборников се анализирани следниве 6 учебници за средно образование: „ Граѓанско образование за средни стручни училишта“, „Вовед во право за средно образование“, „Педагогија за трета година на реформираното гимназиско образование“, „Социологија за четврта година“, „Етика за втора година – гимназиско образование“ и „Филозофија за IV година – реформирано гимназиско образование“.
Анализирани се и следниве 8 учебници за високо образование: „Социологија“, „Социјална патологија“, „Семејно право“ (наменета за студентите по право), книгата „Политика на човековите права – основни поими“ (наменета за студентите по социологија), „Психологија на детството и адолесценцијата“, „Психологија на возрасните и стареењето“, „Психологија на родот: Родовиот идентитет и родовите улоги“, „Медицинска психологија“ и „Психијатрија“.

**Хомофобија и хетеронормативност во учебниците за средно образование**

Анализите на учебниците за средно образование укажуваат на хетеронормативни содржини, каде што ЛГБТ-темите и ЛГБТ-лицата се претставуваат негативно, каде што тие се исклучени (од дефиницијата за љубов, и за семејство) и се занемарени или потполно невидливи.

**1)** Хомосексуалноста како девијација

Во анализата на учебникот „Граѓанско образование“, книгата се критикува, затоа што „хомосексуалноста ја набројува во една од основните форми на девијантни појави, односно како нарушување на неформалните општествени норми“. Ваквото дефинирање од страна на авторите има сериозни последици: „ги зацврстува стереотипите и предрасудите кон лицата со хомосексуална ориентација, хомосексуалноста и дебатата околу неа ги смета како забранети, влијае на изолација на лицата со хомосексуална ориентација, но и ја потикнува омразата и насилството спрема нив“.

**2)** ЛГБТ-лицата исклучени од дефиницијата за љубов

Анализата на учебникот „Педагогија“ не се осврнува само на оние дискриминациски содржини што се веќе исфрлени по препораката на Комисијата за заштита од дискриминација[13]. Во анализата се укажува на тоа дека во учебникот се промовира и исклучувачка дефиниција за љубовта „како појава во која еден човек тежнее кон одредена личност од спротивниот пол“.

**3)** Хетеронормативно исклучување на ЛГБТ-лицата од дефиницијата за семејство

Анализата на учебникот „Етика“, покрај нотирањето на вклучувачките елементи, ја нотира и исклучувачката „хетеронормативна дефиниција: „Семејството е врска на маж и жена, чија цел е заедничко живеење [...]“.

**4)** Занемарување на ЛГБТ-темите

Анализата на учебникот „Социологија“ (за четврта година) укажува на тоа дека е несфатливо занемарувањето на ЛГБТ-движењето во поглавјето за општествени движења, како и занемарувањето на ЛГБТ-темите во контекст на детално покриените теми за ЕУ, човековите

права, државјанството, семејството.[14]

**5)** Потполна невидливост на женскиот род и на нехетеросексуалниот маж

Анализата на учебникот „Филозофија“ укажува на тоа дека „родово-неутралниот и „квир[15] -неутралниот говор“ во овој учебник произведува ефект на „неутрализација“ – потполна невидливост на женскиот род и на нехетеросексуалниот маж од дискурсот на историја на филозофијата застапен во него“.

**Хомофобија и хетеронормативност во учебниците за високо образование**

Анализите на учебниците за високо образование посочуваат на мноштво хетеросексистички и хомофобични ставови отфрлени од релевантните здравствени и научни организации во светот – содржини во кои се патологизира хомосексуалноста, во кои се стигматизираат ЛГБТ-лицата (како „девијантни“ и „ненормални“), во кои се занемаруваат ЛГБТ-темите, вклучително и дискриминациски содржини, во кои се пропагираат религиозни догми.

**1)** Патологизација на хомосексуалноста

**1.1**.Анализата на учебникот „Медицинска психологија“ посочува на последиците од непрофесионалната и исклучувачка дефиниција за нормална сексуална активност[16]: „Ограничувајќи ја нормалноста на сексуалната активност само на хетеросексуална, авторите експлицитно ставаат до знаење дека секоја друга сексуална активност освен именуваната, т.е. сексуалната активност помеѓу лица со друга сексуална ориентација (хомосексуална и бисексуална) не може да се смета за нормална.“

Во анализата се заклучува дека авторите користат застарени класификации и дека „изнесените тврдења во однос на ‚сексуалноста кон лица од ист пол‘ т.е. на лицата со хомосексуална ориентација, не се стручно и научно поткрепени, се базираат на произволни ставови и предрасуди, со кои авторите овие лица ги етикетираат како ненормални, ги патологизираат како ментално

ретардирани, растроени и / или како психопатски личности и жестоко ги стигматизираат лицата со хомосексуална ориентација“. Исто така, се укажува дека во него се фаворизира хетеросексуалноста, бидејќи се дијагностицира како девијантно и перверзно секое сексуално задоволство што не се постигнува со „пенетрација на пенис во вагина“ .

**1.2.** Анализата на учебникот „Психијатрија“ (том 1 и том 2), укажува на тоа дека хомосексуалноста најчесто се третира како „дисфункција, настраност или растројство“ и дека „авторите користат толкувања, ставови и класификации што не се базираат на современата научна мисла и не се во склад со постојните официјални документи за класификација на болестите / растројствата“.

**1.3.** Анализата на учебникот „Социјална патологија“ посочува на содржини и термини (како терминот „хомосексуализам“), со кои се медикализира и патологизира хомосексуалноста, како и ЛГБТ-лицата. Во анализата се заклучува дека таквите содржини можат да се сметаат како „форма на дискриминациски јазик, бидејќи им противречат, како на медицинските истражувања (според стандардите на СЗО), така и на правните норми“.

**1.4.** Анализата на учебниците по психологија посочува дека во сите учебници „се изјавува дека хомосексуалците се лица со ментални нарушувања“.

**2)** Хетеронормативна пристрасност

Анализите покажуваат мноштво содржини во кои хомосексуалноста се карактеризира како форма на девијација, врз основа на претпоставката дека единствено хетеросексуалноста е „нормална“. Така, во учебникот „Социјална патологија“ хомосексуалноста е опишана како ненормална и девијантна појава во современите цивилизирани земји[18], во учебникот „Социологија“ е наброена меѓу формите на девијација, заедно со проституцијата и наркоманијата(?), а во учебникот „Психологија на родот“ се промовира „идејата дека геј-луѓето, заедно со педофилите, се здружени во „подмолно меѓународно вмрежени групи“ со цел да регрутираат млади геј-луѓе“.

Хетеронормативната пристрасност произведува исклучиви хетеросексистички ставови, со кои се зајакнуваат негативните стереотипи и предрасуди кон нехетеросексуалците. На пример, во анализираните учебници по психологија[19] „се презентира ставот дека нехетеросексуалните лица не се способни за вистинска љубов (туку само за секс), дека нивните врски се инфериорни во споредба со оние на хетеросексуалците и дека тие не се погодни да бидат родители“.

**3)** Пропагирање на религиозни догми

Анализата на универзитетските учебници по психологија укажува на тоа дека „авторката е впуштена во крстоносен поход против хомосексуалноста и ова резултира со професионална неодговорност, екстремна пристрастност...“. Анализата предупредува дека „крајно е алармантно тоа што во своите учебници Мурџева-Шкариќ ја пропагира христијанската догма како извор на морална и научна вистина“.[20]

**4)** Занемарување на ЛГБТ-темите

Анализите на учебниците „Социологија“ и „Социјална патологија“ укажуваат на „сериозен недостаток на фундаментални прашања“[21], невоведување на концептот на ЛГБТ, како и „фактот дека постоењето на трансродови идентитети и практики никогаш не се споменува“.
Анализата на книгата „Семејно право“, напоменува дека „недостаток на оваа книга е што во ниту еден момент не зборува за правата на ЛГБТ-лицата, а има голем простор за тоа“. И анализата на книгата „Политика на човековите права – основни поими“ доаѓа до заклучокот: „јасно се гледа дека во книгата изостануваат теми што ги тангираат ЛГБТ-лицата“, и покрај тоа што книгата се занимава со основните концепти на политиката, државата, власта, политичкиот систем, демократијата и на човековите права.

**Препораки и укажувања**

Најголем дел од препораките се однесуваат на измени на детектираните хетеросексистички и хомофобични содржини, но и на воведување на концепти, теми и на прашања во врска со сексуалната ориентација и со родовите идентитети / изразувања.

Катерина Колозова препорачува социјалното вклучување на маргинализираните групи да се воведе како посебна тема, да се користи родово чувствителен јазик, и да се овозможи „видливост на цел еден род и на маргинализираните форми на сексуалност, како и на „културната, расната, етничката и класната разлика“.

Беким Кадриу препорачува сеопфатна анализа на сите учебници и воведување на содржини „што ги промовираат толеранцијата, еднаквоста, недискриминацијата и правата на лицата од различните сексуални ориентации, во согласност со меѓународните стандарди и добрите практики од други демократски држави“. Исто така, препорачува „формирање на посебно тело во Министерството за образование и наука (или во рамките на Бирото за развој на образованието) што ќе ги прегледува книгите и ќе предлага исклучување на содржини што би биле во спротивност со духот на толеранцијата, еднаквоста и на недискриминацијата на лицата од различните сексуални ориентации и родови идентитети“.

Славица Гајдаѕис-Кнежевиќ препорачува на авторите на учебниците да им се упати барање за ревизија на „нестручните и непрофесионални ставови“, за да се превенира „понатамошната стигматизација и маргинализација на лицата со различна сексуална ориентација“.

Снежана Врангалова заклучува дека „изопаченото претставување на хомосексуалноста и бисексуалноста во образовниот систем“ создава „‘лажни’ стручњаци во областа на психологијата, кои се наоружани со идеолошки заблуди, наместо со научно основани знаења и вештини“. Таа сугерира дека луѓето за кои идеологијата е поважна од вистината „не смеат да ги пишуваат учебниците, со кои ќе се образуваат младите луѓе во нашата земја“.

Георги Медаров препорачува отстранување на политички некоректниот говор (на пр. дискриминацискиот и патологизирачки термин „хомосексуализам"), воведување на концептот на ЛГБТ, како и овозможување на поголема видливост на нехетеросексуалните социјални практики и идентитети, преку воведување на други релевантни концепти, прашања и дебати. Исто така, тој препорачува „лекување" на хетеронормативната пристрасност, преку признавањето дека „во денешно време хомосексуалноста не се смета за девијантна, додека хомофобијата е илегална и девијантна од перспектива на активистите за човекови права и на законодавството".

Коалицијата ќе ги достави овие анализи и препораки до авторите на учебниците и до сите надлежни институции, со надеж дека ќе следува итна ревизија на посочените дискриминациски наставни содржини. Коалицијата се надева дека надлежните институции сериозно ќе ги земат предвид и другите препораки што ја адресираат неопходноста од остварување на правото на образование што ќе одговара на потребите на учениците и на студентите од сите сексуални ориентации и родови идентитети.

# Преглед на три македонски учебници по социологија

Георги Медаров

Анализирани се следните **три** учебници: *Социологија за четврта година* (2005), *Социологија* (1998) и *Социјална патологија* (2002). Овој преглед ги прочешлува текстовите во учебниците, барајќи хетеронормативни и хомофобични пристрасности, при што поентира со неколку предлози во врска со тоа како текстовите можат да се подобрат, преку нивни измени, со цел да бидат поинклузивни и порепрезентативни за малцинствата. Исто така, вклучени се неколку препораки што треба да ги изнесат цивилните граѓански организации што лобираат за поинклузивни образовни реформи, како и препораки што ќе ги застапуваат ЛГБТ-граѓаните.

Значајно е да се истакне дека целта на овој стратешки текст воопшто не е да се потисне академската автономија, ниту, пак, да се превиди значајноста на локалната академска јавност. Тој се стреми на цивилните граѓански организации што се борат за човекови права да им понуди перспектива и провизорни совети за тоа како да помогнат во подобрувањето на квалитетот на разгледуваните учебници. Како и да е, конкретните начини за остварување на оваа цел треба да бидат резултат на социолошки научен работен труд.

Централниот интерес е репрезентацијата на нехетеросексуалните идентитети и практики, а не учебниците, воопшто. Треба да се истакне дека целта на учебниците е да бидат педагошки инструмент за општ вовед, без фокус врз родовата теорија и / или врз други форми на претставување на ЛГБТ-лицата.

**I. Преглед на учебникот „Социологија“** (Петроска, Блага (уредник) Социологија, Скопје: Студентски збор, 1998)

Целта на овој учебник е општ вовед за студентите во областа на социологијата. Тој содржи истражувања што се однесуваат на социолошкиот метод, филозофската основа на

социологијата, научните школи, како и на поголеми области на истражување, како што се социјалната структура, социјалните норми, образованието, културата, семејството, уметностите итн.
Темите во однос на ЛГБТ-лицата не се присутни во ниту еден од наведените делови, освен индиректно во деловите што се однесуваат на социолошкото разбирање на семејството и на теоријата за девијантно однесување. Би било погрешно да се каже дека учебникот содржи директни хомофобични изјави, но, сепак, можно е лоцирање на одредена хетеронормативна пристрасност, како и на неколку контрадикторни аргументи во однос на хомосексуалноста.

Делот што се однесува на девијантното однесување ги содржи тензиите во врска со ЛГБТ-темата наведени подолу.

Од една страна, во долг цитат на Хараламбос, М (*Haralambos, M*.), Uvod v sociologiju, Globus, Zagreb, 1989, (стр. 156-7), хомосексуалноста се одредува како девијантна, иако е утврдено дека зависи од контекстот. Се тврди дека девијантноста „може да се дефинира единствено во однос на "некој одреден стандард" и дека не постојат апсолутни стандарди. Во рамките на истиот цитат, декриминализацијата на хомосексуалноста е претставена како пример со кој се поддржува тврдењето за контекстуалноста (во овој случај историска) на девијантноста.

Од друга страна, се чини, постојат тврдења што ја претпоставуваат токму универзалноста на сфаќањето за хомосексуалноста како девијантност, односно, ја претпоставуваат универзалноста на хетеросексуалната социјална норма, т.е. хетеронормативноста. На пример, хомосексуалноста е наведена како форма на девијантност, заедно со проституцијата и злоупотребата на дрога, без ниту еден критички осврт кон ова тврдење (стр. 157). Исто така, хомосексуалноста е единствениот пример наведен во редот на „ментални нарушувања", но ваквото одредување е вбројано меѓу надворешните извори, а, како резултат од тоа, ставот на учебникот овде останува нејасен. Едноставно, наведено е дека нема да се посвети понатамошно внимание на ниту едно ментално нарушување.

Во понатамошниот текст хомосексуалноста е карактеризирана како „социјална перверзија“, изедначувајќи ја со „паразитскиот начин на живот“, како што се просењето и проституцијата. Разгледувањето на хомосексуалноста на исто ниво со злоупотребата на дрога имплицитно предлага дека таа е форма на социјално однесување што е опасно по живот, како што е, на пример, злоупотребата на хероин. Овој дел содржи изјава според која „сите горespоменати девијации се непосакувани, штетни, социјално непожелни / негативни“. Навистина, додека политиката насочена против дрогата е прифатена, каква било политика што цели кон истребување на ЛГБТ-практиките и ЛГБТ-заедницата се смета за сериозно прекршување на човековите права. За жал, се чини дека учебникот повикува на второво.

Ова наведува кон заклучокот дека учебникот погрешно ја претпоставува универзалноста на хетеросексуалната нормативност, затоа што хомосексуалноста може да се разбере како форма на девијантност единствено доколку е поставена наспроти одредена социјална норма.

За да се разбере подобро проблемот со хетеронормативноста, неопходен е краток осврт на сфаќањето на хомосексуалноста со јазикот на девијантноста и на растројството. Учебникот (стр. 160-3) ѝ приоѓа на социјалната девијација од перспектива на теоријата за растројството според Диркем (*Durkheim*). Овој теориски пристап ја дефинира девијантноста како несогласување меѓу утврдените социјални норми / регулативи / вредности и индивидуално достапните средства за нивно постигнување. Бидејќи не сите членови на општеството се способни да го постигнат она што се смета за посакувано општествено однесување или да остварат материјални придобивки, одредени лица се впуштаат во различни стратегии со цел да се надокнадат овие недостатоци, типологизирани како иновативност, ритуализам, повлекување во себе и како бунтовништво. Теоријата за растројство, за социјалната девијантност, претполага дека постојат универзално прифатливи социјални норми и вредности, кон кои сите агенти по дефиниција, се заколнуваат на подеднаква верност и нив ги интернализираат на подеднаков начин. Затоа, доколку не успеат да се придржуваат кон нив, го чувствуваат притисокот што единствено ќе се компензира преку девијантност. Сепак, социјалните норми варираат не само во времето и во просторот, туку и во рамките на еден ист контекст. Можно е да постојат конфликтни социјални норми (или

норми што се преклопуваат), а да нив ги споделуваат различни сегменти од општеството. На пример, практиките, како што се хомофобичните предрасуди или дискриминацијата, во моментот се подложени на законско прогонување во многу делови од светот, што не е случај со нехетеросексуалните практики и идентитети. Со други зборови, хомосексуалноста не е она што го формира современето сфаќање за социјалната девијантност, туку тоа е хомофобијата. Ова е вкоренето во нормите и вредностите на организациите за човекови права, во кривичните закони против омраза, во агенциите на ЕУ и на ОН итн. Одредени научници дури ја сметаат хомофобијата за клинички психолошки случај, или за емотивно пореметување што бара терапија и медицински третман. На сличен начин, во истото време и во истиот простор, хомосексуалноста се појавува како девијантно однесување, во споредба со другите вредности и норми (на пример, за религиозните лица, за конзервативните партии и сл.).

Со други зборови, статусот на хомосексуалноста варира во согласност со политичките, идеолошките и со религиозните ставови на актерите што го категоризираат овој феномен како девијантен или како недевијантен. Карактеризацијата на хомосексуалноста како форма на девијација, исто како и кај другите форми на девијантно однесување, го претполага имплицитното прифаќање на гледиштето за одредени норми, вредности и социјални регулативи, кои треба да се експлицитни, и наспроти кои однесувањето за кое зборуваме изгледа девијантно. Она што се става под прашање во учебникот е хетеронормативноста, додека сè останато се разгледува како негативно, под лупата на оваа имплицитна хетеросексуална „нормалност“. Важно е да се разбере дека девијантноста е релативна во зависност од предиспозициите на оној што говори.

Разгледувањето на хомосексуалната девијантност низ призмата на аномалијата ја обопштува нормата, не оставајќи простор за размислување и за разбирање на тоа како различните типови на сексуално однесување истовремено се сметаат и за патолошки и за непатолошки во истиот социоисториски контекст.

Третото поглавје во учебникот се однесува на семејството и на семејниот живот. Во него не постојат дискриминациски пасуси, но, сепак, и ова поглавје може да се карактеризира како хетеронормативно. Постоењето на хомосексуалните бракови (во „одредени земји“) се споменува само во еден наврат (стр. 326). И покрај присуството на пристапи што ја разгледуваат историската природа на семејството (на пример, еволутивно-материјалната теорија), постои недостиг на каква било дискусија во врска со современите жестоки дебати за истополовиот брак.

На пример (стр. 337), постои аргумент за разноликоста на различни типови на семејства што опстојуваат еднододруго во современото македонско општество, но не се споменуваат нехетеросексуалните семејни врски. Семејната типологија се базира на верската афилијација, степенот на индустриски развој и на урбанизација, но, сепак, дискусијата за семејната разноликост и „контроверзните“ форми на организирање на сексуалните и семејните врски (на пример, муслимански или христијански хомосексуални врски) не е исцрпена. Овде, повторно се јавува хетеронормативната пристрасност, особено во делот што тврди дека една од универзалните карактеристики на семејниот живот е создавањето и одгледувањето на деца. Вториот став ја прекршува реалноста за голем број венчани, и хетеросексуални и хомосексуални, двојки што немаат деца, и ги замаглува другите бројни причини, покрај одгледувањето на деца, зошто возрасните одбираат да оформат семејство.

На сличен начин, при разгледување на социјалните промени во „макроинституциите“ (црквата) и „микроинституциите “ (семејството), авторите го потенцираат единствено она што се смета за негативен развој, како што е помалиот број деца во подоцнежните години, како и намалувањето на животниот век на бракот. Со ова се поткопува семејната еволуција и се превидува сè поголемото движење за геј-бракови во светот, како и успешното повторно преговарање за значењето на семејството, со цел нивните сопствени типови на семејна организација да се вклучат во општествено прифатливите форми на сексуална врска. Еднострана дискусија за семејството ги занемарува нехетеросексуалните семејни врски.

**II. Преглед на „Учебник по социологија за четврта година за реформирано средношколско образование “.** (Стојаноски, Нелко, Матевски, Зоран и Угриновски, Ксенофон Социологија за четврта година за реформирано средношколско образование, Скопје: Просветно дело, 2005)

Општо гледано, учебникот може да послужи како модел за средношколското граѓанско образование, при што покрива опширни области (историја, политика, економија, граѓанско општество итн.), со силен акцент на човековите права и на граѓанството, на доста прониклив и провокативен начин. Учебникот не содржи делови што би можеле да се сметаат за дискриминациски. Сепак, присутна е (речиси) целосна невидливост за какви било теми поврзани со ЛГБТ-заедницата. Хомосексуалноста единствено површно се споменува во делови што не и’ се специјално посветени на проблематиката на ЛГБТ-заедницата. На пример, хомосексуалноста се споменува во деловите каде што се разгледуваат промените што ги носи религиозниот фундаментализам во семејната организација. (стр. 108)

Ваквото запоставување на ЛГБТ-темите е забележливо во учебникот, со оглед на фактот дека ЛГБТ-лицата и активистите за човекови права се во центарот на тековните политички и граѓански дебати за човековите права и ЕУ-интеграцијата, особено во Источна Европа. Истовремено, дискусијата за правата на малцинствата е фокусирана кон етничките малцинства, но ги занемарува ЛГБТ-идентитетите и ЛГБТ-движењата, коишто експлицитно говорат за себеси со јазикот на (сексуалните) малцинства.

Учебникот содржи поглавје за социјалните движења, но, и покрај нагласениот фокус кон новите социјални движења (НСД), ЛГБТ-движењата воопшто не се споменати. Како нови социјални движења се набројани еднинствено феминистичките, движењата за животната средина и антивоените движења. Референција што е поврзана со ЛГБТ-темите се споменува во делот посветен на феминистичките движења, каде што се наведува дека жените извојувале победа во борбата за дефинирањето на сопствената сексуалност и дека лезбејките се бореле против дискриминација (стр. 130). Повторно, ваквото изоставување отскокнува, со оглед на длабокото историско влијание што го има оставено активизмот за човекови права на ЛГБТ врз НСД, како

и неговите општи социјални достигнувања (како што е, на пример, декриминализацијата на хомосексуалноста).

Како и во претходниот учебник, дискусијата за промените на семејните односи повторно го занемарува развојот на нехетеросексуалните односи, како што е порастот на истополовиот брак.

**III. Преглед на „Учебникот за социјална патологија“.** (Сулејманов, Зоран и Стојаноски, Нелко, Социјална патологија, Скопје, 2002)

Учебникот за социјална патологија содржи посебно поглавје што се фокусира на хомосексуалноста. Тој е единствениот од трите учебници, во кој експлицитно е посветен еден цел дел на хомосексуалноста.
Во учебникот хомосексуалноста е дефинирана (во однос на тоа дали треба да се класификува како патолошка и / или девијантна) на следниов начин - “ако како девијантно го определивме она однесување кое во значителна мерка отстапува од општествените норми и вредности, на кои реагира општествената заедница, а кое се менува во времето и просторот, тогаш хомосексуалното однесување може да се третира како посебен вид девијантно однесување. Но бидејќи ја спомнавме и општествената реакција, тогаш сметаме дека ставот кон оваа појава денеска во голема мера е ублажен, односно зголемена е толерантноста. Но сепак во цивилизираните средини на современиот свет воопштено кажано хомосексуалноста се оценува негативно, како абнормална, девијантна појава во човечкото однесување.“ (стр. 350)

И во овој случај можат да се применат истите аргументи како и во прегледот на учебникот по *Социологија*, во првиот дел од овој стратешки текст. Ваквата дефиниција е хетеронормативна, и тешко дека може да подлежи на научно утврдување на неутралноста на вредностите и се наоѓа на границата на дискриминациски јазик ( „цивилизираните земји“ ја сметаат хомосексуалноста за негативна). И покрај фактот дека се спменува котекстуалната зависност (на пр. декриминализацијата, „растот на толерантноста“), во голема мера се занемарува постоењето на

норми и вредности, во чии рамки хомосексуалноста не е девијантна, како, на пример, интересот за ЛГБТ на цивилните социјални организации, групите за човекови права, правните документи и на меѓународните агенции, како што се ОН, ЕУ, итн. Згора на тоа, всушност, хомофобијата, а не хомосексуалноста, сѐ повеќе се дефинира како девијантна, па дури и нелегална (кога се јавува во форми на борба против злосторствата од омраза и против говорот на омраза во законодавството, коишто засилено се спроведуваат во многу земји). Како и при прегледот на учебникот во делот 1, се занемарува можноста за постоење на многубројни (па дури и конфликтни) социјални норми и вредности во рамките на истиот историско-културен простор (или, барем, во рамките на простор што се преклопува со него).

Во делот каде што се дефинира поимот „хомосексуализам"[sic], се тврди дека хомосексуалноста е: „повторени чинови на сексуален однос меѓу лица од ист пол, проследени со сексуална возбуда и одржување на такви односи иако можности за сексуален однос со лица од спротивниот пол постојат".

Ваквата дефиниција го изедначува чинот на сексуален однос со сексуалниот идентитет. Скоро и да не постои дискусија за широкиот опсег на хомоеротски желби и идентитети што постојат, на пример, во хетеросексуалниот брак. Ваквата дефиниција се фокусира единствено на сексуалните практики, изоставајќи ги бројните видови на ЛГБТ-идентитети и практики, кои се присутни, независно од одредени сексуални активности. Недостаток на дискусија во однос на разноликоста на ЛГБТ-идентитетите и ЛГБТ-практиките (не е споменат ниту самиот концепт) постои и во други учебници.

Учебникот побива цел опсег на негативни стереотипи и социјални стигми во однос на хомосексуалноста, како што се биолошката предодреденост и / или какви било суштествени разлики меѓу луѓето врз основа на сексуалната (хетеро-хомо) дистинкција, „абнормалности / неправилности" во семејството итн. Таквата десупстанцијализација/деесенцијализација на хомосексуалноста е за восхит од социолошка гледна точка.

Сепак, хомосексуалноста се смета за „реакција“ на “психолошки развојни пречки, од една страна, но и на цела низа други пречки и фактори кои доведуваат до хомосексуална реакција. Веќе истакнавме дека конституционалните фактори не играат пресудна детерминистичка улога. Значи може да се смета дека е потврдена хипотезата дека хомосексуалноста е еден доста динамичен процес, различен по својот појавен облик, по развитокот и по причините од хетеросексуалниот. Со медицинска терминологија би можеле да го означиме како хомосексуален синдром.“(стр. 355).
Со други зборови, иако хомосексуалноста не се разгледува како продукт на одделна суштествено различна („хомосексуална“) човекова природа, сепак е изведена медикализирана и патолошка дефиниција на хомосексуалноста, како продукт на серија утврдени фактори, квалитативно различни од оние поврзани со хетеросексуалноста.

Се чини дека учебникот тврди дека хомосексуалноста се здобива социјално (што е точно, од социолошка гледна точка), но, сепак, на хетеросексуалноста се гледа како да е природна и нездобиена. Ваквата аргументација води кон патологизација на ЛГБТ-лицата. И навистина, учебникот заклучува дека хомосексуалноста треба да биде категоризирана како „**хомосексуален синдром**“ на гореспоменатата основа. Недостигот на поексплицитно објаснување на социјалната конструкција на хетеросексуалноста низ просторот и низ времето не помага во деесенцијализацијата на сексуалноста, воопшто, туку се наметнува изјавата дека хетеросексуалноста е наследно „нормална“ наспроти ЛГБТ-идентитетите. Ова може да се смета за форма на дискриминациски јазик, затоа што е во спротивност и со медицинските истражувања (според стандардите на СЗО) и со правните норми.

Како и во другиот учебник, скоро и да не постои дискусија за формите на физичко и на симболичко насилство (на пр. тепање, дискриминација, злосторства од омраза), со кои се соочуваат ЛГБТ-лицата. Негативните ставови и социјалната стигма кон хомосексуалците се споменати, но насилството, институционалната дискриминација и дискриминацијата со одбивање на заеми, хипотеки, осигурување, како и самиот поим „хомофобија“, којшто сочинува голем дел од ЛГБТ-погледот на светот, не се споменуваат.

**Заклучок**

На крајот, може да се каже дека не постојат сериозни проблеми на дискриминациски јазик. Сепак, се јавува систематска присутност на силна хетеросексуална пристрасност што многу лесно може да доведе до предрасудно и до дискриминациско читање на учебникот. Ова е особено очигледно во дискусијата за концептот на девијантно однесување во *Социјална патологија* и во *Социологија*. Во првиот случај, хомосексуалноста се смета за девијантност предизвикана од недостатокот на социјална адаптација. Во вториот случај, таа е дефинирана како социјално непожелно однесување и ментално нарушување, проследено со нормативни прописи и дека, како и секоја друга девијантност, таа мора да биде искоренета. На одредени места има појава на јазик што не е политички коректен (на пример, употребата на патолошкиот термин „хомосексуализам“ наместо понеутралниот „хомосексуалност“).

Освен проблемите што се јавуваат повремено кога се дискутира за хомосексуалноста, постои недостаток од визибилност на одредени прашања. Меѓу темите што се изоставени се следниве: современите достигнувања на родовата теорија, улогата на ЛГБТ-борбата за признавање, ЛГБТ-димензијата за човекови права, хомофобијата и анти-ЛГБТ дискриминацијата (физички противнапади, предрасуди, стигматизација, структурно насилство итн.), централното значење на ЛГБТ-лицата во современите јавни дебати (на пример, во однос на ЕУ-интеграцијата). Сериозен недостаток од визибилност претставува и фактот што постоењето на трансродовите идентитети и практики не се споменуваат. Концептот на ЛГБТ воопшто не е воведен, со што се издвојува склоноста за сведување на широкиот дијапазон на нехетеросексуални практики и идентитети единствено на сексуални односи.

Стратешките текстови не се замена за соодветна научна дебата и за академска автономија. Сепак, откако посочивме на одредени недостатоци, совршено легитимно е дека цивилните социјални организации и ЛГБТ интересните групи за човекови права треба да се борат за реформите наведени подолу, во препораките.

**Препораки:**

**1.** Отстранување на говор што се смета за политички некоректен. На пример, употребата на терминот „хомосексуализам“[22] (поради неговите можни дискриминациски и патолошки конотации) и наместо тоа употреба на „хомосексуалност“. Во некои текстови двата термина се користат наизменично. Вклучувањето на концептот за ЛГБТ-заедницата може да придонесе за решавањето на овој проблем.

**2.** Поголема визибилност за нехетеросексуалните социјални практики и идентитети, преку воведување на релевантните концепти и прашања, како што се: трансродовите идентитети и квир-идентитетите, современата родова теорија, ЛГБТ-борбата за признавање, ЛГБТ-димензијата за човекови права, хомофобијата и анти-ЛГБТ дискриминацијата (физички напади, предрасуди, стигматизација, структурно насилство итн), прашањата поврзани со ЛГБТ-заедницата во современите јавни дебати (какво што е прашањето за нејзината важност за интеграцијата на Источна Европа во ЕУ).

**3.** Посебно внимание треба да ѝ се посвети на хетеронормативната пристрасност. Ова ќе се постигне со утврдување на фактот дека, во денешно време, хомосексуалноста не се смета за девијантна, додека хомофобијата е нелегална и девијантна, од гледната точка на актерите за човекови права и за легислатива.

**4.** Воведот во дебатата за истополовите бракови, исто така, е изоставен. Она што треба да се расветли е изостанувањето на нормите што ја признаваат еднаквоста на ЛГБТ-практиките и ЛГБТ-идентитетите.

# Третманот на хомосексуалноста во образованиот систем во Република Македонија

Снежана Врангалова

## Хомосексуалноста во психологијата и едукацијата во Западниот свет

Сексуалната ориентација се дефинира како трајна емоционална и сексуална привлечност кон друго лице, на континуум од ексклузивна хетеросексуалност до ексклузивна хомосексуалност, со различни степени на бисексуалност помеѓу овие два екстрема. Во научниот свет кој ја проучува човековата сексуалност, хомосексуалноста и бисексуалноста веќе четири децении се третираат како нормални варијации во сексуалната ориентација, а не како психијатриско пореметување кое треба или може да се лекува. Иако точното етиолошко потекло на овие појави сè уште се истражува и за него се дебатира во научните кругови, сите научни докази до сега сугерираат дека варијациите во сексуалната ориентација не се резултат на патолошки психосексуален развој, рани трауми, или несоодветно родителство, ниту, пак, се поврзани со проблематично или со инфериорно физичко и ментално функционирање (American Psychological Association, 2004). За ваквиот став постои едногласен консензус меѓу научната и професионалната заедница во Западниот свет. Ова се огледува во официјалните изјави на практично сите релевантни ментално-здравствени институции, вклучувајќи ги и „Светската здравствена организација“, „Американската психијатриска асоцијација“, „Американската психолошка асоцијација“ (АПА), „Американсата асоцијација на педијатри“, „Американската медицинска асоцијација“, „Австралиската медицинска асоцијација“, „Националната асоцијација на социјални работници во САД“ итн.

Ваквите ставови и сознанија е пожелно да се рефлектираат во средното и во високото образование на секоја земја. АПА, заедно со 12 други професионални организации на ментално-здравствени работници во САД, во 2008 г. издаде посебна изјава со препораки за тоа како да се третира хомосексуалноста во едукативниот систем. Во оваа изјава јасно се наведува дека „училишните одбори треба да ги земаат предвид мислењата на професионалните експерти при одредувањето

на своите наставни материјали. Во случајот на сексуалната ориентација, овие мислења се строго против какви било наставни програми и материјали кои сугерираат дека хомосексуалноста е болест што треба да се ‚лекува‘ или дека терапиите за промена на сексуалната ориентација се научно поддржани“ (стр. 12, Just The Facts Coalition, 2008).

Како еден пример за тоа како овие водичи се применуваат во пракса, следува извадок од учебник по развојна психологија (Adolescence, Steinberg, 2005) во употреба на „Харвард“ и на „Корнел“, два од најпрестижните универзитети во светот. На крајот од поглавјето посветено на сексуалноста, во кое се одвојуваат три страни на развојот, потеклото, и на социјалниот третман на сексуалната ориентација, информациите на оваа тема се сумирани на следниов начин: „Околу 4% од адолесцентите и 8% од младите возрасни луѓе се идентификуваат како геј (хомосексуалци), лезбијки, или бисексуалци, а процентот на адолесценти кои имаат истополни фантазии или искуства е уште повисок. Тековните теории за потеклото на хомосексуалноста сугерираат комплексна интеракција помеѓу биолошки и средински влијанија. Експертите се сложуваат дека хомосексуалноста не е вид на психопатологија, индикатор на некакво психолошко пореметување, ниту состојба која бара психолошки третман. Напротив, најголемиот број проблеми кои ги искусуваат младите геј луѓе се резултат на насилство и дискриминација од страна на хомофобични врсници и возрасни“ (стр. 385).

**Хомосексуалноста во македонските учебници по психологија и по педагогија**

За жал, учебниците кои им се понудени на македонските средношколци и универзитетски студенти, а кои ја опфаќаат темата на сексуалната ориентација, комплетно се противат на овие научно поддржани и интернационално прифатени стандарди. Оваа анализа вклучува еден средношколски учебник, „Педагогија за трета година на реформираното гимназиско образование“ (Костова, Бараковска и Маказлиева, 2005) (понатаму во текстов: „Педагогија“), и три учебници по развојна психологија и по психологија на родот во употреба на Институтот за психологија и на Катедрата за родови студии на Филозофскиот факултет во Скопје: „Психологија на детството и адолесценцијата“ (Мурџева-Шкариќ, 2009) („Детство“), „Психологија на возрасните и

стареењето“ (Мурџева-Шкариќ, 2010) („Возрасните“), и „Психологија на родот: Родовиот идентитет и родовите улоги“ (Мурџева-Шкариќ, 2002) („Род“). Во спротивност со погоре-опишаните стандарди и препораки, во сите четири учебници имплицитно и експлицитно се презентираат исклучиво хетеросексистички и хомофобични ставови.

Пред сѐ, сите четири материјали изобилуваат со примери на хетеросексизам, т.е. без директно споменување на хомосексуалноста, хетеросексуалноста и хетеросексуалните врски се презентираат како единствениот нормален и природен развој на сексуалноста. На пример, во „Педагогија“ се промовира дефиниција за љубовта како појава во која еден човек тежнее кон одредена личност од *спротивниот* пол (стр. 200). Во „Детство“ психосексуалниот развој се дефинира како процес на осознавање и истражување на своите хетеросексуални желби и потреби и стапување во *хетеросексуални* односи (стр. 273), а во „Возрасните“ природното семејство се дефинира како брачна заедница меѓу две лица од спротивен пол и нивните деца (стр. 80). Ваквите дефиниции се, пред сѐ, неточни: во светските речници, енциклопедии, и учебници по психологија, педагогија и сексуалност овие емоции, процеси и заедници се дефинираат без споменување на полот на лицата за кои станува збор (пр. Hock, 2007; ‚love‘, ‚family‘ Merriam-Webster Dictionary; Steinberg, 2005; Williams, Sawyer & Wahlstrom, 2006). Ваквите изјави се проблематични не само поради тоа што се невистинити; тие, исто така, на навидум неприметлив начин, ја промовираат хетеросексуалноста како единствена развојна опција и не му овозможуваат на читателот да согледа дека постојат и други алтернативи кои се исто толку здрави, природни и нормални.

Иако ваквите подмолно вметнати, имплицитни хетеросексистички содржини во наставните материјали се проблематични и непожелни, многу пострашни за образованието на македонската младина се експлицитните антигеј изјави и ставови, кои, скоро без исклучок, се базирани на неточни или на непостоечки податоци и се изразени со отворено дискриминаtoren и непријателски тон. Иако сите четири учебници содржат вакви елементи, тие се разликуваат во количината и интензитетот со кој истите се потенцирани. Додека во „Педагогија“ хомофобичниот став е изразен со само неколку реченици, во „Род“ на ваквите изјави им е посветено цело едно поглавје од 62 страници. Подолу се изложени најпроблематичните експлицитни изјави во секој од четирите учебници, проследени со анализа на нивната научна и логичка неоснованост.

Во „Педагогија“, трите авторки ѝ посветуваат малку експлицитно внимание на хомосексуалноста – два кратки пасуса. На крајот од поглавјето за воспитание меѓу половите, се среќава поднасловот „Сексуални определби: Опачините на сексуалниот живот“ (стр. 202-204). Меѓу „негативните појави на сексуалниот живот на човекот, но истовремено и значајни општествени проблеми“ се сместени половите болести, проституцијата, силувањето, хомосексуалноста, и, сосема необјасниво, алкохолизмот и наркоманијата. Авторките ја дефинираат хомосексуалноста како „опачина на половиот нагон“ и изјавуваат дека „меѓу така ориентираните лица и во двата пола има многу невротични и психотични личности“ и дека „учесниците на таков изопачен, неприроден, и, што би рекле, ненормален сексуален живот, се личности со тешки психички тешкотии и пречки“.

Во „Детство“, за хомосексуалноста експлицитно се дискутира во неколку пасуси сместени во поглавјето за сексуалноста. Во еден пасус на почетокот на ова поглавје (стр. 276), накратко, но без двоумење се изјавува дека хомосексуалноста не е биолошки условена, туку дека се должи на воспитувањето и социјализацијата; дека „хомосексуалноста е избор, а не судбина“; и дека фактот што човековиот род се состои од машки и женски единки е доказ дека „хетеросексуалните односи овозможуваат повисок квалитет во човековиот развој“. Тука, исто така, се наведува дека геј адолесцентите не формираат долготрајни љубовни врски, туку „најчесто се повлекуваат или имаат сексуални односи со непознати, случајно сретнати луѓе“. Последниов став се потенцира кон крајот на ова поглавје, каде што се дискутира за адолесцентските врски со врсниците, кога авторката изјавува дека „повеќето истополни двојки имаат истополно сексуално искуство, но не и романтична истополна врска“ (стр. 292).

Во „Возрасните“, третото поглавје е посветено на бракот, семејството и родителството. За хомосексуалноста се дискутира кон крајот на ова поглавје, во делот со неочекуван поднаслов: „За правата на децата и родителите“ (стр. 84-85). Тука авторката изјавува дека „хомосексуалноста го урива природното семејство, бидејќи се противречи на половиот диморфизам кај луѓето“ и објаснува дека хомосексуалците немаат право да се вљубуваат и да формираат заедници, бидејќи таквите заедници се биолошки неплодни. Во овој контекст авторката ги обвинува геј луѓето дека тие „се чувствуваат добро само во своите хомоеротски групи“, дека тие „се обидуваат да ја наметнат својата хомоеротска супкултура“ на останатиот свет со сите можни средства, и дека

единствената причина поради која тие го бараат правото да посвојуваат деца и да бидат родители е за да му докажат на светот дека се рамноправни со другите луѓе (а не поради желбата да имаат деца, како сите други родители). Оттука произлегува заклучокот дека на хомосексуалците не смее да им се дозволи да бидат родители и дека таквата семејна заедница би била нездрава и штетна за развојот на децата кои растат во неа. Понатаму, авторката тврди дека хомосексуалните индивидуи се појавуваат поради „незнаење“, „грешки во социјализацијата“, неразбирање и незадоволство од своето семејство, или заведување од страна на возрасен хомосексуален маж или жена. Поради ова, а со цел да се спречи создавањето на нови хомосексуални единки, се „нужни превентивно-образовни програми за децата од преадолесцентната доба“.
Ваквите експлицитни антигеј ставови кои во овие два учебника по развојна психологија се само накратко изнесени, се детално разработени во „Род“, третиот учебник од истата авторка, професор по развојна психологија на Филозофскиот факултет, Олга Мурџева-Шкариќ. Околу 80% од шестото поглавје од оваа книга, насловено „Психосексуален развиток, растројства и етички преиспитувања“ (стр. 265-327), е посветено на докажување дека хомосексуалноста и транссексуалноста се психички и општествени болести кои треба да се искоренат; останатите 20% се резервирани за изложување на Фројдовата теорија за сексуалноста како „класична рамка за здраво психосексуално воспитување и здрав психосексуален развој“. Шеесет страници хомофобија е невозможно детално да се презентираат на простор од неколку страници што овој текст го дозволува: подолу се сумирани главните проблематични аспекти на оваа книга.
Главната премиса на авторката е дека хомосексуалноста е неприродна и ненормална појава и „застој во психосексуалниот развој на пониско ниво“, како и дека хетеросексуалноста е „1. подобра за општеството и 2. поздрава за индивидуата“. Како докази за ова, таа ги наведува следниве: „верското и моралното убедување дека хомосексуалноста е погрешна, значајниот ризик за пренесување сексуално преносливи болести преку хомосексуален секс, физиолошката некомпатибилност на аналниот секс (кој кај повеќето предизвикува болки), скусената должина на животот кај хомосексуалните единки, нагласениот промискуитет, почестите самоубиства, нивното почесто изложување на насилен секс, подоцна придружено со колективната фантазија распространета во супкултурата на хомосексуалците дека сексуалните повреди и силувања од страна на силен и моќен маж се нормални“.

Втората премиса е дека сексуалната ориентација и родовиот идентитет (дали лицето се доживува себе си како машко или женско) не се биолошки предизвикани појави, туку се исклучиво резултат на воспитувањето и личните  искуства во детството и во адолесценцијата. Според авторката, здравата хетеросексуална ориентација и здравиот родов идентитет се развиваат кога постојат хармонични односи во семејството, кога родителите соодветно го социјализираат своето дете да се чувствува и однесува како припадник на својот пол, и кога не постои насилство или трауми. Од друга страна, хомосексуалноста и транссексуалноста (доживувањето на себеси како припадник на спротивниот пол) се јавуваат кога децата доживуваат „психопатолошки и емоционални потреси во искуствата со мајките“; кога ги перцепираат своите врски со татковците како „оддалечени, негативни, и конфликтни“; или кога биле сексуално злоставувани од страна на возрасен хомосексуалец. Авторката верува и дека постојат „подмолно меѓународно-вмрежени групи“ на хомосексуалци и педофили што „агресивно организирано дејствуваат“ да ја промовираат хомосексуалноста и да регрутираат нови членови. Бидејќи, според неа, хомосексуалноста се учи во текот на животот, ова е опасен пат за корумпирање на подводливата и збунета младина.

Поаѓајќи од овие две премиси, авторката го застапува мислењето дека ова „зло“ може и треба да се искорени, а со цел „да се избегнат непотребните социјални проблеми кои хомосексуалноста ги предизвикува“. Таа ја користи втората премиса (дека хомосексуалноста не е биолошки предодредена) како доказ дека таа „не е неизбежно поведение“, таа е „избор, а не судбина“ и поради тоа не треба да се прифати како нормална. Таа предложува два главни начина за систематско искоренување на оваа појава. Прво, треба превентивно да се делува во општеството преку ширење на соодветни информации за тоа што е здрав психосексуален развој. На пример, таа вели: „Децата и младите треба да добијат доволно информации кои ќе им помогнат да се заштитат од силниците и да не ја фатат насоката кон некоја од овие амбивалентни и девијатни поведенија… Во првите информации, уште кај децата од 6-7 години, треба да се каже дака тие се погрешно насочување на еротската љубов бидејќи водат кон стерилност.“ Второ, за оние што „веќе ја фатиле насоката кон овие девијантни поведенија“, таа предложува психотерапија со која хомосексуалните лица се конвертираат во хетеросексуални лица. Според неа, ваквата конверзивна или репаративна терапија е најчесто успешна, посебно кога терапевтот е оптимистичен за исходот и кога со третман ќе се започне на порана детска возраст. Затоа ги советува родителите

да започнат со терапија веднаш штом ќе забележат дека нивното дете покажува несоодветен родов идентитет или хомосексуални наклоности.
Уште многу проблематични изјави и ставови се присутни низ овие 60 страници. Овде може да се наведат уште неколку илустративни примери, како што е тврдењето дека педофилијата е позастапена кај хомосексуалните, отколку кај хетеросексуалните мажи, но и честото изедначување на хомосексуалноста и педофилијата. На друго место, авторката изјавува дека „хомосексуалноста го искривоколчува истополното пријателство" и дека „таа ѝ се заканува на хетеросексуалната брачна заедница, која е заштита на децата". Конечно, треба да се напомене и дека стилот со кој е напишана оваа книга е прилично непрофесионален и колоквијален, изнесените тврдења се честопати контрадикторни, а презентираните идеи многу пати се толку дезорганизирани и неповрзани од една до друга реченица, што наликуваат на „салата на зборови" без никаква логичка или тематска кохезија.

**Тековни научни сознанија за хомосексуалноста како појава, хомосексуалните индивидуи, и хомосексуалните врски**

Детална анализа и преглед на соодветната научна литература во однос на сите овие изјави застапени во македонските учебници е надвор од рамките на овој текст. Заинтересираниот читател го упатувам на книгата „Мистеријата на сексуалната ориентација: Современи концепти и македонски перспективи" (Врангалова, 2006), во која овие прашања исцрпно се разгледуваат. Тука накратко ги презентирам заклучоците од пет децении на истражувања на сексуалната ориентација и на родовиот идентитет, како и ставовите и мислењата на научните авторитети во областа на психологијата, изградени врз основа на овие научни сознанија.
Основен проблем во сите овие учебници е убедувањето дека хомосексуалноста е растројство на сексуалниот развој предизвикано од патолошки односи во семејството или сексуално злоставување во младоста, како и практичните импликации за општествениот третман на хомосексуалноста кои произлегуваат од ваквите сфаќања. Овие средински теории, кои датираат уште од времето на Фројд и на останатите психоаналисти, се едни од најстарите теории за потеклото на хомосексуалноста, но и едни од емпириски најнеподдржаните. Пред сè, сите

истражувања на оваа тема покажуваат дека геј луѓето и хетеро луѓето не се разликуваат во поглед на типот на семејни односи во кои пораснале, ниту во стапката на искусување на сексуално злоставување. Овие теории се денес едногласно отфрлени од страна на психолошките авторитети (Just The Facts Coalition, 2008), и ова е јасно нагласено во практично секој учебник по сексуалност и по развојна психологија (пр. Hock, 2007; LeVay & Baldwin, 2008; Steinberg, 2007). Второ, Фројдовите теории за хомосексуалноста и за сексуалниот развој, воопшто, се застарени концепции кои не се користат во научните кругови веќе четири децении – во учебниците во Западниот свет денес тие се презентирани само како историски феномен, а не како научна вистина.

Додека овие теории некогаш навистина биле прифатени од мнозинството психолози (сè додека истражувањата не го докажале спротивното), убедувањето дека хомосексуалец се станува преку изложеност на хомосексуални модели и информации во околината (застапено во учебниците на Мурџева-Шкариќ) е толку апсурдно, што никогаш не ни било официјална психолошка теорија. За да се согледа апсурдноста на оваа идеја не е потребна наука, доволна е едноставна логика – најголемиот број од првите неколку генерации на отворени геј луѓе во 20-тиот век пораснале во хетеросексуални семејства, во средини каде што никој околу нив не се декларирал отворено како геј и во време кога хомосексуалноста била голема табу тема. А тие сепак станале геј?

Точниот одговор на етиолошкото прашање за хомосексуалноста и транссексуалноста сè уште активно се бара во научните кругови. Она што е несомнено е дека биологијата (гените, епигенетските структури, влијанието на хормоните во критични периоди од развојот и одредени имунолошки процеси во текот на интраутериниот развој) игра огромна улога во развојот на сексуалната ориентација (Mustanski, Chivers & Bailes, 2002; Rahman & Wilson, 2003) и на родовиот идентитет (Zucker & Green, 2007). Срединските фактори секако влијаат на начинот на кој овие потреби и привлечности ќе се манифестираат, но појавата на самите потреби и привлечности е во голем степен биолошки предодрена, посебно кај мажите. Покрај ова, на денешните стручњаци им е јасно дека практично секоја психолошка појава е одредена и од биолошки и од срединcки влијанија. Да се негира оваа комплексност (како што тоа го прави Мурџева-Шкариќ) е не само неточно, туку и крајно непрофесионално.

Уште пострашно е тоа што прашањето за етиологијата, кое за психолозите преставува чисто

научно прашање, авторката го презентира како да има морални импликации. Мурџева-Шкариќ го користи застареното сфаќање дека хомосексуалноста се стекнува како доказ дека таа не е неизбежна („хомосексуалноста е избор, не судбина“), а штом не е незбежна, тогаш може и треба да се отфрли. Според неа, нешто мора да се прифати само ако е биолошки предодредено („слично како црн, стар, жена, хендикепиран“). Ова е аргумент кој често се слуша од страна на разни антигеј групации во САД за да ги оправдаат своите хомофобични ставови, но кој нема никаква логичка основа. Етиолошкото потекло на една појава е комплетно независно од моралната вредност што таа појава ја има за индивидуата или општеството. Некои лични избори се пожелни и прифатливи, други не се. Слично, некои биолошки детерминирани појави се пожелни и прифатливи, други не се. Да се има Даунов синдром е биолошка судбина, па сепак го сметаме за непожелна болест и често ги абортираме фетусите што ја носат оваа генетска мутација. Нема сомнение дека ако утре пронајдеме ген за хомосексуалноста, истите оние кои денес се борат да ја отфрлат хомосексуалноста врз база на нејзината биолошка неоснованост (како Мурџева-Шкариќ), ќе почнат да се борат за абортирање на вака биолошки-основаните хомосексуални фетуси.

Идејата на Мурџева-Шкариќ дека хомосексуалноста може да се превенира со едукативни програми или со соодветно родителствување е исто така целосно отфрлена од светската психолошка јавност. Бидејќи ниту несоодветното родителствување, ниту несоодветната едукација не се докажани фактори кои создаваат геј единки – тие не можат ова да го превенираат. Што се однесува до третманот на оваа појава, т.е. конвертирањето на постоечки хомосексуалци во хетеросексуалци, вистина е дека сѐ уште постојат мал број клинички психолози и психијатри во САД, најчесто религиозно мотивирани лица, кои вршат ваква терапија. Ваквата пракса е едногласно отфрлена како неефикасна, а честопати и штетна за менталното здравје на геј луѓето, од страна на министерот за здравство на САД (Surgeon General, 2001) и од сите сериозни ментално-здравствени здруженија во САД, вклучувајќи ги и Американската психолошка асоцијација (2009), Американската психијатриска асоцијација (2001) и сите останати организации споменати на почетокот од овој текст (Just The Facts Coalition, 2008). На пример, во специјалната позициона изјава издадена од Американската психијатриска асоцијација за ова прашање (2001) се вели: „Потенцијалните ризици од ‚репаративна терапија‘ се големи, вклучувајќи депресија, анксиозност, и

самодеструктивно однесување... Поради ова, АПА се противи на каков било психијатриски третман (како што се ‚репаративната‘ или ‚конверзивната‘ терапија), кој се базира врз претпоставката дека хомосексуалноста, сама по себе, е ментално растројство, или врз убедувањето дека пациентот треба да ја промени својата хомосексуална ориентација“.

Понатаму, во сите четири учебници се изјавува дека хомосексуалците се лица со ментални нарушувања. Ова е изразено со посебно навредлив и дискриминациски јазик и тон во „Педагогија“ („учесниците на таков изопачен, неприроден, и, што би рекле, ненормален сексуален живот, се личности со тешки психички тешкотии и пречки“). Ваквите изјави се комплетно неточни. Истражувањата од последните 20 години покажуваат дека мнозинството не-хетеросексуалци (како и мнозинството хетеросексуалци) не страдаат од никакви психолошки пореметувања. Со други зборови, најголемиот број не-хетеросексуалци се психички здрави и добро приспособени личности. Точно е дека стапките на некои ментално-здравствени проблеми, како што се депресијата, суицидалноста и злоупотребата на супстанции се нешто повисоки кај хомосексуалците и бисексуалците, отколку кај хетеросексуалците, но студиите покажуваат дека ова се должи на зголемениот стрес што тие го доживуваат како резултат на општествената дискриминација и насилството насочени кон нив (Hatzenbuehler, 2009; Herek & Garnets, 2007; Meyer, 2003). Стапките на потешките ментални проблеми, кои се во голема мера биолошки условени, како што се шизофренијата и останатите психотични растројства, се апсолутно идентични меѓу геј и не-геј луѓето.

Конечно, во сите три учебници се презентира ставот дека не-хетеросексуалните лица не се способни за вистинска љубов (туку само за секс), дека нивните врски се инфериорни во споредба со оние на хетеросексуалците и дека тие не се погодни да бидат родители. Тридецении на научни истражувања на оваа тема покажуваат дека ваквиот став е комплетно неоснован. Фактите укажуваат дека најголемиот број хомосексуални и бисексуални лица се желни и способни за љубов, посакуваат и успешно формираат долготрајни романтични врски, и нивните врски се исто толку среќни колку и хетеросексуалните (Kurdek, 2005). Всушност, единствените разлики кои досега се пронајдени помеѓу хетеросексуалните и хомосексуалните двојки се дека хомосексуалните двојки се поегалитарни во однос на родовите улоги и поделбата на трудот во домот, помалку агресивни кон своите партнери, и подобро се справуваат со конфликтите во

врската отколку хетеросексуалните двојки (Kurdek, 2005). Освен тоа, истражувањата индицираат дека децата од геј и лезбејски заедници се исто онолку психосоцијално адаптирани и покажуваат иста инциденца на нехетеросексуалност како и децата од хетеросексуални бракови (Goldberg, 2010).

Уште многу други хомофобични елементи се среќаваат низ овие учебници, тргнувајќи од сместувањето на хомосексуалноста во ист кош со физичките болести, физичките и психичките зависности и со сексуалното насилство („Педагогија“), преку изедначувањето на оваа појава со педофилијата и промовирањето на идејата дека геј луѓето, заедно со педофилите, се здружени во „подмолно меѓународно-вмрежени групи“ со цел да регрутираат млади геј-луѓе („Род“), сѐ до изјавите од типот „хомосексуалноста го урива природното семејство“, „хомосексуалците се чувствуваат добро само во своите хомоеротски групи“ и дека геј луѓето бараат право да бидат родители со цел да докажат дека се рамноправни со другите луѓе („Возрасните“). Во сличен кош спаѓаат и аргументите на Мурџева-Шкариќ за неприродноста на хомосексуалноста базирани врз наводната “физиолошка некомпатибилност на аналниот секс (кој кај повеќето предизвикува болки)”, зголемениот “ризик за пренесување сексуално преносливи болести преку хомосексуален секс”, или “колективните фантазии за силување” кои се наводно пораспространети меѓу хомосексуалците. Ваквите изјави се не само комплетно научно невистинити (теоретски и емпириски), туку сосема нелогични, бесмислени и параноични.

Како еден пример за ваквата нелогичност, да ја разгледаме изјавата во врска со аналниот секс. Дали аналниот секс е “физиолошки компатибилен“ или не (што, според авторката, значи дали предизвикува болка или не) нема никаква врска со тоа дали хомосексуалноста е нормална појава или не. Пред се, аналниот секс предизвикува болка кај некои луѓе, но кај многу други предизвикува големо задоволство; од друга страна, кај повеќето жени првиот вагинален секс предизвикува болка – дали тоа значи дека дефлорацијата на хименот е “физиолошки некомпатибилна“?! Второ, и поважно, многу геј мажи и повеќето лезбијки воопшто не практикуваат анален секс, додека многу хетеросексуални жени и мажи го практикуваат редовно – дали тоа значи дека треба да ги отфрлиме како ненормални оние хетеросексуалци кои го уживаат овој акт?! Апсурдноста на ваквиот аргумент му е очигледна на секој кој располага со основни интелектуални способности и познавања за светот.

СЕкоја од погорните изјави може на сличен начин да се анализира и нивната апсурдност лесно може да се согледа. За жал, просторот за овој текст ограничен, па не дозволува ваква поединечна анализа. Но имајќи го предвид степенот на нелогичности и невистинитост на секоја од овие изјави, доволно е да се каже дека тие многу повеќе наликуваат на заблуди на религиозни фанатици или на ирационални стравови на лица кои страдаат од психолошки фобии, отколку на научни тврдења испечатени во наставни материјали. Фактот што се испечатени во наставни учебници е крајно загрижувачки.

Од овој краток преглед се наметнува заклучокот дека сите четири анализирани учебници презентираат исклучиво хетеросексистички и хомофобични ставови кои се комплетно невистинити, неподдржани од научните студии, и отворено отфрлени од релевантните ментално-здравствени и научни организации во светот. Ваквите изјави се базирани на едно од следниве: а) психолошки теории и факти кои некогаш биле мнозинско сфаќање на светската психолошка јавност, но денес се сметаат за застарени и научно неподдржани; б) лични ставови и идеи на авторките кои никогаш и не биле прифатени ниту поддржани како научни теории и факти од светските психолози; или в) апсурдни и ирационални тврдења кои не само што немаат никаква поткрепа во науката, туку не се во согласност ниту со логиката. Згора на ова, ваквите изјави се често изразени со крајно навредлив, дискриминаторen и воспалителен тон и јазик. Вакви изјави изразени со ваков тон може да се очекуваат во некои религиозно-фанатички или во екстремистички публикации, но не би смееле да се сретнат во средношколски и високообразовни наставни материјали. Нивното постоење во македонските учебници е срамно, како за самите авторки, така и за нас како држава, но и длабоко загрижувачки. Тоа укажува на сериозен степен на неинформираност и игнорантност, професионална неодговорност и / или на идеолошка задоеност на авторките и ги доведува во прашање нивните интелектуални способности и научна објективност.

**Причини за хомофобичност во македонските образовни материјали**

Ако информациите презентирани во овие четири учебници се толку очигледно во спротивност со светски воспоставените научни стандарди, а понекогаш и сосема нелогични, се поставува прашањето како е тоа возможно. Дали македонските авторитети не се запознаени со научните

сознанија здобиени во светот во изминатите 40 години на оваа тема? Или тие се соодветно информирани, но свесно одбираат да ги игнорираат овие информации со цел да го наметнат својот личен став по секоја цена – дури и по цена на лажење (свесно изнесување на неточни информации како научни факти) на своите ученици и студенти? Или, пак, тие се толку заслепени од сопствените идеолошки убедувања, што тоа ги надвладува нивните интелектуални капацитети за објективно и критичко интерпретирање на научните факти и докази?
Во случајот со средношколскиот учебник по педагогија, неизвесно е до кој степен негативниот став на трите авторки кон хомосексуалноста се должи на незнаење наспроти идеолошка задоеност. Судејќи според наведената користена литература, најголемиот дел од информациите со кои тие располагаат се навистина застарени – само 10% од материјалите се од последните 10 години, а 40% се постари од 20 години (за споредба, во типичен учебник во САД, 80% од користената литература е од последните 10 години, а само 5% е постара од 20 години). Од друга страна, целиот учебник презентира многу конзервативни ставови во однос на сексуалноста, според кои не само хомосексуалноста, туку кој било облик на сексуалност што отстапува од традиционалната рамка на две возрасни единки од различен пол во долготрајна љубовна врска е неприроден и нездрав. Ваквиот став нема научна поткрепа (ниту, пак, авторките trvdat дека нудат некакви научни докази): прашањата дали, на пример, сексот помеѓу адолесценти, сексот без љубов, или сексот помеѓу повеќе од две лица се или не се штетни за менталното здравје, се сè уште отворени и активно се истражуваат во светските научни кругови. Прикажувањето на ваквите ставови како да се воспоставени научни факти сугерира дека авторките, барем делумно, се мотивирани од одредена идеолошка морална позиција, која се трудат да им ја наментнат на своите студенти, без разлика на тоа дали таа е или не е во согласност со научната вистина.
Исто како средношколскиот учебник по педагогија, и учебниците на професорката Олга Мурџева-Шкариќ содржат неверојатно застарена библиографија – на пример, 7% од користената литература во „Род“ (издадена во 2002 г.) е издадена помеѓу 1992 г. и 2002 г., додека 84% od referencite se постарі од 20 години. Тоа е, само по себе, срамно за професор од највисок ранг на најпрестижната високообразовна институција во државата. Но, уште позагрижувачки е тоа што, во случајот со хомосексуалноста, неточните хомофобични информации изложени во нејзините три учебници не можат да им се припишат на неинформираноста или на немањето пристап

до тековните научни податоци. На ова недвосмислено укажуваат два факти. Прво, авторката е запознаена со тоа дека хомосексуалноста не се третира како ментално нарушување според светските стандарди, но отворено одбива да го прифати овој факт како вистинит. Нејзините зборови се јасни: „Тоа што хомосексуалноста не е веќе на листата на менталните нарушувања, сепак, не го намалува проблемот на сексуалната ориентација“ (стр. 276, „Детство“). Второ, додека сите останати поглавја од „Род“ се базирани исклучиво врз таа литература, стара 20-50 години, поглавјето за хомосексуалноста вклучува околу 20 скорешни извори, од кои многу се преземени од интернет-страници. Ова покажува дека авторката има пристап до Интернет и знае да го користи, па, ако сака, може да има пристап и до соодветните тековни научни информации. Значи, проблемот не е немањето пристап или незнаењето. Во овој случај се работи за длабока идеолошка заслепеност. Авторката е впуштена во крстоносен поход против хомосексуалноста и ова резултира со професионална неодговорност, екстремна пристрасност, и со срамни однесувања кои не му прилегаат на „стручњак“ од нејзин ранг. Докази за ова тврдење изобилуваат во нејзините учебници, посебно во „Род“. Пред сè, самиот факт што таа се потрудила да пронајде понови податоци само за хомосексуалноста, а ги запоставила сите останати области од психологијата на родот, зборува за посебен жар и особен интерес што оваа тема ги побудува кај неа. Но, она што е навистина проблематично е изборот на информациите за оваа тема на кои таа одбира да се повикува, и како таа нив ги интерпретира и им ги презентира на читателите.

Главен извор на скорешни информации на кои авторката се повикува во „Род“ се публикациите на „Националната асоцијација за истражување и третман на хомосексуалноста“ (НАРТХ). Авторката до тој степен се ослонува на НАРТХ што цели страници од нејзината книга (стр. 324-327) се директен превод на интернет-страниците на НАРТХ (http://narth.com/menus/myths.html). Во „Род“, авторката ја презентира НАРТХ како организација на „стручњаци“, чија цел е „да овозможат оптимален здрав, хетеросексуално ориентиран психосексуален развој“. Во реалноста, НАРТХ е здружение на религиозно-мотивирани клинички психолози кои вршат репаративна терапија врз геј луѓе и оваа терапија ја промовираат како успешна. Како што е погоре наведено, ваквите ставови се целосно отфрлени од сите сериозни психолошки и психијатриски организации во Америка и пошироко, а НАРТХ, како здружение, е комплетно дискредитирано и исмеано од страна на психолошкото мнозинство. Навистина е застрашувачки што, наместо на

ставовите и препораките на АПА и на останатите угледни психолошки здруженија во светот, нашата професорка се потпира на ставовите на ваква маргинализирана, религозно-мотивирана групација која служи за потсмев на научната јавност.

Дури и кога цитира вистински стручњаци, авторката селективно ги презентира само оние аргументи кои ѝ одат во прилог на нејзината кауза. На пример, како доказ дека родовиот идентитет е стекнат (а не вроден), таа ги цитира Зукер и Бредли (Zucker & Bradley, 1995) кога велат дека во 1957 г., Џ. Мани (J. Money), заедно со колегите, заклучил дека „назначениот пол и социјализацијата се поверодостојни прогнозери на родовата улога и ориентација кај 105 хермафродити", отколку што е тоа биолошкиот пол. Она што авторката го изоставува е дека единствената причина заради која Зукер и Бредли ги цитираат заклучоците на Мани е со цел нив да ги демантираат! Заклучокот кој Зукер и Бредли го донесуваат во споменатата книга од 1995 г., а врз база на научните истражувања во 4-те децении изминати меѓу 1957 г. и 1995 г., е дека теоријата на Мани е целосно погрешна. Овој заклучок до ден денес го застапуваат Зукер и останатите стручњаци во оваа област (Zucker & Green, 2007).

Втор пример за ваквo селективно презентирање на информациите е кога авторката го наведува шведскиот систем на психосексуално воспитување во 80-тите години како идеален пример кон кој треба да се стреми и македонскиот образовен систем, потенцирајќи ги принципите на ненасилство, заемно почитување на сексуалните партнери, и на искрени и целосни информации во врска со сексуалноста. Она што авторката го изоставува е дека шведскиот автор кој таа го цитира (Boethius, 1984), во истиот текст, малку подолу, пишува дека во однос на хомосексуалноста, учениците од 10-12 годишна возраст во Шведска се подучувани дека „индивидуалните сексуални инклинации мора да се почитуваат и прифатат". Ова било така во 1984 г., а така е сѐ уште и денес – една понова анализа на шведските едукативни материјали укажува на тоа дека тие, без исклучок, ги претставуваат хомосексуалноста и бисексуалноста како нормални и природни појави, исто како и хетеросексуалноста (Thanem, 2010).

Конечно, крајно е алармантно што во своите учебници Мурџева-Шкариќ ја пропагира христијанската догма како извор на морална и научна вистина. Во поглавјето во кое се обработува сексуалната ориентација таа неколкупати изјавува дека хомосексуалноста треба да се отфрли бидејќи се коси со религиозните убедувања, како извор на научни факти цитира истражувања

издадени во верски публикации (на пр. Journal of Pastoral Care), и дава изјави од типот „машкоста и женскоста се дадени од Господа“. Своите верски убедувања авторката и отворено ги изразува на самиот крај на оваа книга, каде што ни открива дека неодамна доживеала религиозно откровение и препород. Последните пет страници од книгата (стр. 353-357) му се посветени на презентирањето на библиската приказна за настанокот на човекот и за животот на Исус Христос како научна вистина со импликации за сексуалноста и односите меѓу половите (пр. „Бог го создал човекот според својот образ и подобие… Но, на телесен план Бог создал полов диморфизам со цел човековиот род да се размножува…“, „Нема сомнение дека Исус е плод на голема љубов… Во односите меѓу Марија, Јосиф и Исус нема доминација. Тие претставуваат Свето семејство бидејќи се претставени како духовен модел на кој треба да се угледуваат другите семејства“, или „Ние луѓето имаме повеќе повторни раѓање или препородувања“). Ова е просто неверојатно! Авторката, секако, има право на религиозна слобода во приватноста на својот дом. Но, да се проповеда христијанската догма како научна вистина во наставните материјали на нашите високообразовни институции е скандалозно! Тоа ги нарушува основните правила за одвојување на религиозното од секуларното во нашиот образовен систем и ги загрозува правата на студентите да им бидат презентирани релевантни и научно докажани информации.

Од оваа анализа не е тешко да се согледа дека во случајот на Олга Мурџева-Шкариќ несоодветниот третман на хомосексуалноста во нејзините книги не се должи на незнаење или неинформираност. Интензитетот и жестокоста со кои таа ја напаѓа хомосексуалноста, нејзиното отворено отфрлање на научно поддржаните ставови на светската психолошка јавност, потпирањето на мислењата на екстремистички и на фундаменталистички организации кои се активно отфрлени од главната психолошка струја, селективното презентирање само на оние научни податоци кои ѝ одат во прилог на нејзината теорија – сите овие факти се индикатори на највисок степен на идеолошка заслепеност, необјективност и на професионална неодговорност. Кога на ова ќе му се додадат проповедањето на религиозни догми како извори на научна вистина, изобилството на ирационални, апсурдни и параноични изјави во нејзините текстови, и честата семантичка неповрзаност на речениците со кои авторката се изразува, почнува да се доведува во прашање ментално-здравствена состојба на авторката.

**Заклучоци и препораки**

Живееме во време кога науката и технологијата брзо напредуваат и кога секој ден дознаваме сè повеќе за светот околу нас и за нас како човечки суштества. Образованиот систем на секоја држава треба да се залага да им ги претстави на своите млади луѓе овие сознанија за светот и за човештвото на начин кој е во согласност со најновите научни докази и теории. Сексуалноста и сексуалниот развој се еден иманентен дел од човековото постоење и развој, и за пофалба е што авторките на учебниците по психологија и по педагогија се обиделе да ги застапат овие теми во своите наставни материјали (за разлика од многу други автори кои комплетно ја избегнуваат темата на сексуалноста). За жал, како што е погоре образложено, презентацијата на овие теми во областа на сексуалната ориентација  воопшто не соодветствува со целите што образовниот систем треба да ги застапува. Наместо најнови научни сознанија и одмерени, објективни и критички ставови, на учениците им се нудат застарени, непоткрепени, и отфрлени теории и факти, религиозно-екстремистички, па дури и комплетно логички неодбранливи, параноични изјави.

Ваквото изопачено претставување на хомосексуалноста и бисексуалноста во образовниот систем има огромни негативни последици. Младите луѓе градат погрешна претстава за овие појави, што охрабрува дискриминација и отфрлање на геј луѓето на личен, социјален и на професионален план и нивна понатамошна маргинализација и изолација. Ова директно влијае на нивната индивидуална психолошка добросостојба, но, исто така, создава нетолерантно и хомофобично општество. Погрешното образование на идните психолози на Р. Македонија има уште посериозни негативни последици за психолошко здравје на геј лицата и на нивните семејства и пријатели. Конечно, ова создава „лажни стручњаци“ во областа на психологијата, кои се наоружани со идеолошки заблуди, наместо со научно основани знаења и вештини.

За некои луѓе идеологијата е поважна од вистината. Таквите луѓе се одлични како религиозни фундаменталисти и идеолошки фанатици, но тие не припаѓаат меѓу оние кои се нарекуваат научници и стручњаци и тие не смеат да ги пишуваат учебниците со кои ќе се образуваат младите луѓе во нашата земја.

**Користена литература:**

American Psychiatric Association (2001). Therapoes focused on attempts to change sexual orientation (reparative or conversion therapies). Position Statement. Prezemeno na 14-ti oktomvri 2011 od: http://www.psych.org/Departments/EDU/Library/APAOfficialDocumentsandRelated/PositionStatements/200001.aspx.

American Psychological Association. (2004). Answers to your questions about sexual orientation and homosexuality. PsychNet: APA Online. Prezemeno na 12ti septemvri, 2011 od: http://www.apa.org/redirect.html?aspxerrorpath=/pubinfo/answers.aspx#whatis.

APA Task Force on Appropriate Therapeutic Responses to Sexual Orientation. (2009). Report of the Task Force on Appropriate Therapeutic Responses to Sexual Orientation. Washington, DC: American Psychological Association.

Boethius, C. G. (1984). Swedish sex education and its results. Current Sweden, 315. Stockholm, Swedish Institute.

Goldberg, A. E., Epstein, R., & Riggs, D. W. (2010). Gay and lesbian parents and their children: Research on the family life cycle. Washington DC: American Psychological Association

Hatzenbuehler, M. L. (2009). How does sexual minority stigma "get under the skin"? A psychological mediation framework. Psychological Bulletin, 135, 707-730.

Hock, R. R. (2007). Human sexuality. Upper Saddle river, NJ: Pearson Education.

Herek, G. M., & Garnets, L. D. (2007). Sexual orientation and mental health. Annual Review of Clinical Psychology, 3, 353-375.

Just the Facts Coalition. (2008). Just the facts about sexual orientation and youth: A primer for principals, educators, and school personnel.Washington, DC: American Psychological Association. Prezemeno na 12-ti septemvri, 2011 od: www.apa.org/pi/lgbc/publications/justthefacts.html.

Костова, М., Бараковска, А., и Маказлиева, Е. (2005). Педагогија за трета година на реформираното гимназиско образование. Скопје, Македонија: Просветно Дело АД.

Kurdek, L. A. (2005). What do we know about gay and lesbian couples? Current Directions in Psychological Science, 14, 251-254.

LeVay, S., & Baldwin, J. (2009). Human sexuality, 3rd Ed. Sinauer Associates.

love. 2011. Vo Merriam-Webster.com. Prezemeno na 12ti septemvri, 2011 od: http://www.merriam-webster.com/dictionary/love.

Meyer, I. H. (2003). Prejudice, social stress, and mental health in lesbian, gay, and bisexual populations: Conceptual issues and research evidence. Psychological Bulletin, 129, 674–697.

Мурџева-Шкариќ,О. (2009). Психологија на детството и адолесценцијата. Скопје: Филозофски факултет

Мурџева-Шкариќ,О. (2010). Психологија на возрасните и стареењето. Скопје. Филозофски факултет.

Mustanski, B. S., Chivers, M. L., & Bailey, J. M. (2002). A critical review of recent biological research on human sexual orientation. Annual Review of Sex Research, 13, 89-140.

Rahman, Q., & Wilson, G. D. (2003). Born gay? The psychobiology of human sexual orientation. Personality and Individual Differences, 34, 1337-1382.

Steinberg, L. (2005). Adolescence (7th ed). New York, NY: McGraw-Hill.

Surgeon General (2001, July 9). The Surgeon General's call to action to promote sexual health and responsible sexual behavior. U. S. Department of Health and Human Services. Prezemeno na 14-ti oktomvri, 2011 od: http://www.surgeongeneral.gov/library/sexualhealth/call.htm#III.

Thanem, T. (2010). Free at last? Assembling, producing and organizing sexual spaces in Swedish sex education. Gender, Work, and Organization, 17, 91-112.

Врангалова, С. (2006). Мистеријата на сексуалната ориентација: Современи концепти и македонски перспективи. Скопје: ЕГАЛ.

Williams, B. K., Sawyer, S. C., & Wahlstrom, C. M. (2006). Marriages, families, and intimate relationships: A practical introduction. Boston, MA: Pearson Education.

Zucker, K. J., & Green, R. (2007). Psychosexual disorders in children and adolescents. In G. Einstein, (Ed.), Sex and the brain  (pp. 739-766). Cambridge, MA: MIT Press.

Zucker, k. J., & Bradley, S. (1995). Gender identity disorder and psychosexual problems in children and adolescents. New York: Guilford

# Критичко исчитување од перспектива на родовата сензитивност и сензитивноста во поглед на ЛГБТ-популацијата на учебниците по филозофија и по етика за реформираното гимназиско образование

Катерина Колозова

## 1. Предмет на анализа

Критичко исчитување од родова перспектива, како и од перспектива на правата на различна сексуална ориентација, на наставните содржини за гимназиско образование од областа на етиката и на филозофијата. Етиката не претставува само научно или образовно подрачје, туку е, исто така, способна да произведува јавен говор, кој во општеството воведува и зацврстува владејачки морални норми. Филозофијата, како област што сè уште го има статусот на „првата наука“ што ги легитимира и толкува сознанијата на поединечните научни дисциплини, ја има истата можност да влијае на формирањето на доминантниот морал во општеството. Во тие процеси на општествена нормализација, по пат на јавниот говор и на моралот пропагиран од образовните институции на една држава, се одвиваат вклучувањата или исклучувањата во јавните текови од гледна точка на родовата разлика и онаа на сексуалната ориентација.

## 2. Теориско-методолошка основа

Во истражувањето е применета дискурзивна анализа. Станува збор за критичко исчитување на јазичките стратегии на именување, претставување или на премолчување на категориите на родот и на сексуалната ориентација. Со други зборови, освен начинот на кој се говори за определени категории, којшто ја создава претставата за нив, значајна е и нивната видливост или невидливост во дискурсот.[23] Од 90-тите години наваму, родовата општествена теорија – и тоа во рамките на повеќе од една од своите доминантни школи на мисла – докажува дека говорот на универзализмот, во основа, го затскрива фактот дека позицијата на „универзално човечкото“ е цивилизациски, расно и родово детерминирана. Кога го замислуваме човека во неговата претпоставена

универзалност,  барем до почетокот на ерата на родовата и на постструктуралистичката критика, замислуваме средовечен, бел, хетеросексуален маж. Со други зборови, наводната универзалност е културолошки, расно и родово детерминирана. За да се разбие монолитната претпоставка од овој вид, потребно е дискурсот што претендира на универзална читливост и релевантност да ги претпостави позициите на оние што се маргинални во однос на (или маргинализирани од страна на) централниот поим што ја узурпира важноста на универзален. Наводната родова, културолошка и расна неутралност во име на „универзалноста“ е, всушност, камуфлирање на фактот дека во доминантниот јавен говор (или дискурс) пропишувачкиот говор на нормата е, всушност, родово, културолошки и расно определен и ја исклучува / брише, како неважна, перспективата на подредениот род, културата и на сексуалниот идентитет, обележан како аномалиски и абнормален. Токму заради тоа, ова истражување се концентрира на присуството / отсуството на перспективите на посебноста наспроти општоста во дискурсот, на присуството на јазикот на разликата (различноста) наспроти оној на општоста (што е, како што веќе рековме, секогаш веќе запоседната од определен родово, културолошки и расно детерминиран субјективитет), на присуството / отсуството на перспективите на исклучените од големите историски наративи.  Следствено, ова истражување нуди преглед на присуството на темите што овозможуваат видливост на родово исклучените и на оние што се исклучени врз основа на сексуалната ориентација, како и преглед на начинот на кој тие се именуваат, а со тоа и имплицитно се (дис)квалификуваат на определен начин. Дискурзивна анализа е применета и на поширокиот тематски контекст (начинот на кој се претставени определени темелни вредности) и, со тоа, е создаден или оневозможен просторот за претставување на повеќе школи на мисла во рамките на самите дисциплини што се предмет на изучување во анализираните учебници. Последново се однесува на прашањето за (меѓу редови) вградената порака, која го пронижува целиот дискурс во поглед на постоењето мноштво идеи, како во историјата, така и во современоста на секоја дисциплина, како и во поглед на невозможноста од постоењето на еднозначни и вечно фиксирани вистини во ниту една наука. Присуството или отсуството на ваквиот начин на гледање на нештата посредно го условува начинот на кој се претставени родово релевантните теми, како и оние што се однесуваат на сексуалната ориентација.

### 3. Критичко исчитување на учебникот по етика за втора година гимназиско образование

„Етика“ од Кирил Темков, учебник за втора година гимназиско образование, во својата дискурзивна целост претставува необична појава на полето на учебникарската дејност. Јазикот што се користи не е научен (приспособен на образовното ниво на средношколците), ами е јазик на морална поука. Подучува на исправност во постапувањето, на етичност и на моралност, а не ја претставува етиката како *философска дисциплина што се занимава со изучувањето на идеите за етичност и моралност*. Накусо, целиот учебник претставува една репетитивна порака за тоа дека треба да бидеме „добри“ наместо да нуди историски и критички преглед на идеите за „добро“ и „зло“ создавани од најзначајните етички мислители и морални системи.

Отсуството на какво и да е дефинирање на „доброто“ и „злото“ (позитивно определување на она што би било *differentia specifica* на секој од поимите) може посредно да значи дека идејата за исправност / неисправност во однесувањето што е најраспространета во неговото општество е апсолутното и вечноважечкото „добро“ или „зло.“ Доколку не се даде историско-критичка перспектива, ученикот нема можност да разбере дека идеите за „морално“ и за „неморално“ како и за „етично“ и за „неетично“ се историски и културно предопределени. Казнувањето на силуваните жени или на хомосексуалците е морално исправно во рамките на определени култури, додека во рамките на други не е. Доколку авторот сакал да го избегне потполниот културолошки и историски релативизам, имал можност да претстави бројни влијателни универзалистички етички идеи (на пример, „Кантовиот категорички императив“) и да ги заговара и брани со термини на рационална и научна аргументација, наместо со сосема несоодветното користење на проповеднички говор. Дополнително, можел да се повика на „Универзалната декларацијата за човекови права“, која претставува еден вид глобален морален код (а со тоа би ги избегнал и честите упатувања на библиските текстови како дел од аргументацијата). Тавтолошките искази од типот „Чини добро, затоа што е добро“ без позитивна дефиниција за тоа што е „добро“ (и во кој контекст), го обележуваат дискурсот на учебникот во целина:

„Етиката е наука за моралот, таа е философија на моралот. Моралот е составен од **мисли, определби и дејства кои се добри и зли**. Тие се карактеристични и така се оценуваат – како

добри или зли, исправни или неисправни, правилни или неправилни, она што чини или она што не чини, она што треба и мора да се прави и она што не треба и не смее да се прави.“ (Темков 2009, 11)

Во поглед на темите што се посебно релевантни за прашањата на родот и на сексуалноста, обработени во поглавјата „Етика во љубовта,“ „Етика на семејството“ и „Раѓање и воспитување на децата“, и покрај проповедничкиот, неисторичен дискурс, кој е присутен во целиот учебник, се забележува и јазик што е избалансиран од аспект на родовата разлика и на онаа на сексуалната ориентација. Имено, и покрај исклучивата хетеронормативна и патријархалистичка дефиниција на семејството како брачна заедница на маж и жена (стр. 138), во делот посветен на темата „љубов“, авторот користи поими што може да бидат општествено вклучувачки во поглед на маргиналните / маргинализираните сексуални идентитети. Дефиницијата на семејството понудена во овој учебник не е исклучувачка само во поглед на ЛГБТ-популацијата, туку и во однос на самохраните мајки, самохраните родители или на старателите од друг вид, како и на заедницата што тие ја сочинуваат со своите потомци или штитеници. Во поглавјето, пак, посветено на љубовта („Етика на љубовта“) се употребуваат поими што се доволно широки и вклучувачки во поглед на традиционално исклучените во доминантните дискурси за љубовта и за љубовните односи. Авторот љубовта ја дефинира како однос меѓу две „суштества“ или „личности“ и на ниту едно место во поглавјето родово или полово не ги детерминира.

„Изберете некого или нешто што ќе ги љубите попостојано, што долговечно ќе ве храбрат и почитуваат. Изберете го она суштество и дејност што ќе ви носат резултати, во кои ќе уживате и со кои ќе се гордеете. Вашиот избор нека бидат оние луѓе и предмети со кои ќе цути вашата личност, а вие ќе уживате во себе и во својата љубов […]“ (Темков 2009, 133)

Предноста на ваквиот говор на универзалност е тоа што еден специфичен поим (на пример, оној на хетеросексуалната љубов) не го узурпира местото на општоважечка вредност – универзализмот во смисла на хегемонизам – ами се користат термини што се доволно широки и отворени за да упатуваат на разнообразноста на љубовта.

„Кога се расправа за *пријателството* (однос на луѓе кои се сакаат, кои меѓу себе одгледуваат позитивни емоции) се истакнува дека секој од пријателите се труди да биде подобар за да биде поприфатлив за својот другар. Тие имаат и желба да претставуваат добра двојка [...] Тоа истото, ако не и повеќе, се однесува на *љубовните врски.* [...] Љубовните врски се, исто така, етички заедници во кои членовите имаат обврска и кон себе и кон партнерот." (*Ibid.*)

Нешто подолу во текстот, авторот ѝ оддава признание на феминистичката струја во етиката претставена од правецот на „етика на грижа" (*ethics of care*), чија родоначалничка е Карол Гилиган (*Carol Giligan*). Сепак, терминот „феминизам" е одбегнат со тоа што авторот ја нарекува „женска етика" (стр. 134).

Од 136 до 137 страница, авторот ги набројува неморалните форми на љубовни односи (силување, садизам / мазохизам, педофилија), меѓу кои не е наведена хомосексуалноста ниту некоја друга форма на квир-љубов (*queer*) и сексуалност.

Во делот од учебникот што се однесува на семејството, како што беше погоре кажано, авторот ја изнесува неговата недвосмислно хетеронормативна дефиниција: „Семејството е врска на маж и жена, чија **цел е заедничко живеење** [...] Тоа е и заедница на родители и деца." (стр. 138). Сепак, понатаму, низ целото поглавје, на ниту едно друго место не се споменува хетеронормативната предопределеност на семејството. На 140 страница, авторот пишува: „Семејството е заедница на љубов меѓу две личности и меѓу нив и нивните деца (и евентуално другите личности-членови, ако ги има семејството)."

И покрај говорот на морална поука, проблематичната форма на универзализам што преовладува во учебникот и историската и културолошка неосетност (или рамнодушност кон таквите разлики), забележуваме и делови на текстот што се, во извесна смисла, општествено вклучувачки во поглед на ЛГБТ-заедниците и на нивните форми на љубовни заедници (иако не и семејни).

**4. Критичко исчитување на учебникот по филозофија за четврта година гимназиско образование**

Учебникот „Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование“ од Кирил Темков претставува исцрпен, јасен преглед на историјата на филозофските идеи на начин што на учениците им остава простор за расправа и критичко размислување. Појавата на филозофските струи и филозофските концепти се претставени дијахрониски, упатувајќи на нивната историска условеност, а, со тоа, овозможувајќи согласување или несогласување со дел од нив, од страна на учениците. Самото нивно претставување во историски термини упатува на конструираноста на идеите, на нивната нефиксност, менливост и, со тоа, ја имплицира можноста од критика.

И покрај ова, учебникот користи дискурс што е евроцентричен – историјата на западната мисла е, според авторите, очигледно, глобално важечка и значајна, а нејзината супериорност во однос на другите истории на мисла во ниту еден миг не се доведува во прашање. Откако, претходно, поддисциплините на филозофијата (онтологијата, етиката, антропологијата итн.) се претставени според моделот на западната (или европската) филозофска традиција (стр. 14-16), на 17 страница, го читаме следново:

„Како што науките немаат локално значење, бидејќи се однесуваат на целата светска реалност, така и филозофијата има **општосветско значење**. Таа носи белези на соодветната култура во која се појавува, ги иразува мислењата на нејзините луѓе, но нејзините искажувања се општи, се однесуваат на сето постоење.“

Интересно е дека во делот посветен на античката историја на филозофијата, авторите успеваат да одбегнат секаква јазичка и географска определба што ќе упатува на хеленскиот или на грчкиот јазик и свет. Се зборува за Елејската школа, за Милетската школа, но не е јасно каде во т.н. „антички свет“ се наоѓаат тие. Се споменува „Јужна Италија“ (стр. 33), се споменува „Сицилија“ (стр. 57), но никаде не се споменува дека Елеја, или Делфи, или Милет му припаѓаат на хеленскиот свет. Зборовите „грчка“ и „старохеленска“ се споменуваат на 25 страница, а „хеленска“ на 27 страница, во цитат од Бертранд Расел. Сепак, ова се неколкуте исклучоци, наспроти потфатот на авторите да ја претставаат историјата на хеленската филозофија, одбегнувајќи го зборот „хеленски“ или „грчки“. Интересно е дека дури и кога се објаснуваат поими од старогрчкиот јазик, како „архе“,

или изреки, како „гнотхи сеаутон“ („спознај се сам себе“), не се споменува на кој јазик се или од кој јазик ги преведуваат авторите.
Ова прашање е навидум неважно за целите на анализава. Сепак, тоа е релевантно, затоа што говори за исклучувачката тенденција на дискурсот спомената погоре.
Авторите, на ниту едно место, не ја застапуваат критиката на патријархалноста вгнездена во историјата на филозофската мисла, не поставувајќи го прашањето зошто од неа со векови било исклучено половина од човештвото. Ни најмала доза на критика не е присутна, дури ни на ниво на објаснување на поимите што се збунувачки за учениците во едно општество, каде што правото на глас на жените се подразбира. На пример, наместо авторите да објаснат дека во Атинскиот полис жените немале статус на граѓанки, иако биле дел од жителите не тој град (исто како и робовите), тие некритички го користат јазикот на епохата на класична Атина пишувајќи:

„Атина била најголем хеленски град, со 40.000 жители (не сметајќи ги жените и децата), со многу доселеници (главно занаетчии и трговци) и со 100.000 робови.“ (стр. 63)
Авторите пренебрегнуваат да појаснат зошто жените и децата не се сметаат меѓу жителите, а, со тоа, произведуваат впечаток дека нема ништо проблематично во едно вакво исклучување. Конечно, ова е неточен исказ, затоа што Атињанките немале право на статус на граѓанин (политес), но, секако, биле сметани за дел од жителството на градот.[24]
Не се претставени ниту мислител(к)ите што ѝ припаѓаат на феминистичката филозофија (Мери Волстонкрафт, Симон де Бовоар, Џудит Батлер), ниту мислителките што не мора нужно да му припаѓаат на феминизмот, како, на пример, Ема Голдман (иако цело поглавје е посветено на анархизмот: стр. 267-272) или Хана Арент.[25] Кога станува збор за сензитивноста на авторите во однос на нехетеронормативната сексуалност, тие одбегнуваат секаква референција на машката хомосексуалност и онаму, каде што очигледно зборуваат за неа. На пример:
„Меѓутоа, неговите ученици [се мисли на Сократ] овозможија човештвото да се запознае со неговите мисли и активност. Вљубени во него и во неговите идеи, тие направија дела за Сократ, со кои тој стана еден од основните филозофи и етичари на човештвото. […] Во ‘Гозба’ Платон покажува зошто младите и другите биле вљубени во Сократ како личност со вистински дух. “ (65)

На крајот, можеме да заклучиме дека „родово неутралниот и квир-неутралниот говор“ во овој учебник произведува ефект на „неутрализација“ – потполна невидливост на женскиот род и на нехетеросексуалниот маж од дискурсот на историјата на филозофијата застапен во него. Наводната неутралност на јазикот и универзалност на содржините ја маскира вистината за хетерогената природа на човештвото, а, со тоа, придонесува за општествената маргинализација на цели групи што не му припаѓаат на пропишаниот модел на универзална човечност (бел, средовечен, хетеросексуален маж замислен според евроцентричен образец). Согласно овој заклучок, подолу препорачуваме промени во приодот на креирање на наставните содржини што ќе бидат сообразени со вредностите на „општествената вклученост.“

**5. Препораки за политиките на родова сензибилизација и ЛГБТ-сензибилизација на наставните програми и на учебниците од областа на етиката и филозофијата**

- Потребно е авторите на наставните програми и на учебниците да ја вклучат „општествената вклученост“ (*social inclusion*) на маргиналните групи меѓу вредностите што настојуваат да ги промовираат во содржините и во приодот на обработка на содржините.
- Следствено на горната, и поопшта, препорака, се препорачува посебно внимание при вклучувањето во содржините поврзани со женскиот род и користењето на општествено вклучувачки јазик во тој поглед, кој е практично невидлив во учебниците анализирани овде.
- Препорачуваме хетеронормативниот привид за човештвото, кој го произведуваат овие учебници, да се коригира со тоа што ќе се направи видливо постоењето и на алтернативни форми на интимност и на сексуалност во однос на доминантната патријархална норма.
- Освен овозможувањето на видливост на еден цел род и на маргинализираните форми на сексуалност, советуваме да се настојува да се овозможи видливост – повторно по пат на вклучување на содржини и на јазик што соодветно ќе ја изразат културната, расната, етничката и класната разлика. Со ова, ќе се даде поегзактна слика за човечкото општество, кое не е хетерономно, а на чие истражување се посветени овие две дисциплини.

# Критички осврт на критикувањето на сексуалниот нагон, сексуалноста и на сексуалната ориентација во стручната литература во медицината и во психологијата во Македонија

Славица Гајдаѕис-Кнежевиќ

Цел : *Аналитички осврт на третманот на сексуалноста и на сексуалната ориентација во достапната стручна литература од областа на медицината и на психологијата што се користи како официјална едукативна литература за студентите и за стручните лица од именуваните и од сродните студии / области во Македонија.*

За реализација на целите направени се детален увид и анализа на стручните книги: МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА[26] и ПСИХИЈАТРИЈА (том 1 и том 2)[27] во деловите посветени на сексуалноста, сексуалната ориентација, сексуалниот нагон и на неговите растројства (р-р).
За сеопфатно разбирање на сексуалноста, сексуалната ориентација и на нејзините растројства, користена е дополнителна стручна литература: „Учебник по психијатрија" од авторите Каплан и Седок (*Kaplan & Sadock*)[28], како и актуелно користените класификации на болести и на растројства во САД и во Европа: „Дијагностички и статистички прирачник на ментални растројства" – текст ревизија од 2000 г. (ДСМ IV-TR; анг. *DSM IV-TR*), применувана во САД и 10-тата ревизија на „Меѓународната класификација на болести на СЗО" (МКБ – 10 ревизија); официјален документ за земјите во Европа, вклучително и Р. Македонија.

***Вовед со кус осврт на нормалноста, сексуалноста и на сексуалната ориентација***

Дефинирањето на човековата нормалност е задача на бројни науки и, во значителна мера, е социјален, културолошки, често и политички конструкт, во чија основа е обидот појавите и состојбите да се сместат во и вон дефинираното поле, по принципот на исклучување, „или-или"; т.е „или си нормален, или не си". Сепак, постои можност за ново гледање на нормалноста низ призмата на мултиперспективност, мултиреалност и мултинормалност, при што на линијата на

континуум постојат бројни можности за нормалност, по принципот „и-и-и-и“, наместо „или-или“, отсликувајќи ја развојната димензија на нормалноста како функционалност, содржана во системската теорија и пракса, со тенденција кон вклучување и интегрирање на разликите, наместо исклучување и маргинализација.

Особен предизвик претставува дефинирањето на нормалноста во сексуалноста, поради комплексноста на овој особено сензитивен дел на човековото битие. Хуманата сексуалност зависи од 4 заемно поврзани психосексуални фактори што влијаат врз растот, развојот и врз функционирањето на личноста: ***сексуален идентитет, родов идентитет, сексуална ориентација и сексуално однесување***.[29] Иако сексуалната ориентација (во понатамошниот текст СО) е често разбрана како индивидуална карактеристика, стручњаците се согласни дека таа е комплексен и мултидимензионален релациски феномен што, освен биолошката детерминираност, вклучува и бројни психосоцијални, искуствени, трансгенерациски, културолошки, историски и социјални конструкти, вклучително и перцепцијата за полот и за родот, приватните мисли и фантазии како и однесувањето. Таа претставува психолошка, емоционална, сексуална, физичка, романтична и духовна склоност и привлечност кон друга личност. Како дел од сексуалниот идентитет, СО се разликува од сексуалното однесување, бидејќи се однесува и на чувството и на концептот на себството.

На континуумот на СО хомосексуалноста е една од трите главни категории, заедно со бисексуалноста и хетеросексуалноста, како и асексуалноста, која е некаде прифатена како четврта, со што се дефинира универзумот составен од личности, во кој секој има можност да ја пронајде релацијата што го задоволува и исполнува.[30 31]

Психологијата е една од првите дисциплини што ја проучувала хомосексуалната ориентација како дискретен феномен. Американската психијатриска асоцијација во 1973 г. одлучила да ја елиминира хомосексуалноста[32] како дијагностичка категорија, а во 1980 г. таа е отстранета од ДСМ. Според МКБ – 10 ревизија, „сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за растројство.“ Сето наведено ги рефлектира промените во разбирањето на хомосексуалноста како варијанта на хуманата сексуалност, а не како патолошко растројство, „кое не претставува предмет на избор; предмет на избор е експресијата на сексуалноста“ (Дејвид Хокинс; анг. *David Hawkins*).[33]

Во таа насока, во 1980-тите и 1990-тите, поголемиот број развиени земји со закон ја декриминализирале хомосексуалноста и ја забраниле дискриминацијата при вработување, вдомување и други служби; во 2009 г., таа е декриминализирана и во Индија.[34] Сепак, хомосексуалноста е сѐ уште санкционирана во голем број земји на Средниот Исток, во Африка, во некои земји во Азија, на Карибите и во Јужниот Пацифик (со доживотен затвор, дури и со смртна казна).[35]
На глобален план, во најголемиот број култури, доминантен дискурс во однос на СО сѐ уште е хетеросексуалниот, со тенденција за примат и исклучивост, занемарувајќи го правото на СО како дел од основните човекови права. Во голем број средини аверзијата кон лицата со хомосексуална ориентација расте до степен на хомофобија, поради која овие лица се одбегнуваат, етикетираат, стигматизираат, понижуваат, отфрлаат, дискриминираат и се оспорува остварувањето на нивните основни човекови права. Поради тоа, меѓу нив е зголемен ризикот од самоубиство, злоупотреба на супстанции, училишни проблеми и од изолација.[36] Младите со хомосексуална ориентација почесто пријавуваат психолошка, физичка и сексуална злоупотреба од родителите или од згрижувачите (1).[37] Во отсуство на разбирање и на поддршка од семејните и од други природни системи, лицата со различна СО градат нови системи на поддршка од пријатели, соседи и од лица со слична СО.

Потрагата по причините за хомосексуалната или за бисексуалната ореиентација трае долго време и вклучува различни обиди за дефинирање на конкретни и што е можно појасни фактори, но сите само ја потврдуваат мултифакторијалноста на СО.[38] [39] [40] [41] [42]

## Третманот на сексуалниот нагон и на сексуалната ориентација во медицината и во психологијата

Сексуалниот нагон, како еден од виталните нагони, е важен дел на хуманата нагонска сфера и заедно со останатите нагони се опишува во стручната медицинска и психолошка литература со цел да се дефинира неговата нормалност и отстапувањата од неа (растројствата). Дефинирањето

на нормалноста во СО била и се чини дека сè уште е предмет на дискусија, и покрај официјалните стручни ставови, според кои хомосексуалната и бисексуалната ориентација престануваат да се патологизираат и заедно со хетеросексуалноста се дефинираат како варијанти на хуманата сексуалност. Историски гледано, хомосексуалноста за првпат е класифицирана како болест од тукушто создаденото европско движење на сексолози во доцниот 19 век. Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век преовладува мислењето дека хомосексуалноста е патолошки модел на сексуално однесување и, како такво, во 1952 г. е вклучено во првиот „Дијагностички и статистички прирачник на ментални растројства" (ДСМ И) во Америка. Наскоро, оваа класификација доживува критика, по истражувањата направени од „Националниот институт за ментално здравје", врз чијашто база професионалците во медицината, од областа на менталното здравје, како и во бихевиористичките и во социјалните науки постигнуваат согласност дека е несоодветно хомосексуалноста да се класификува како ментално растројство во ДСМ-класификацијата. Како поддршка на научните податоци, „Американската психијатриска асоцијација" во 1973 г. ја повлекува хомосексуалноста од ДСМ, со ставот дека „хомосексуалноста, пред сè, не влијае на расудувањето, стабилноста, сигурноста или на општите социјални и професионални капацитети."[43] **Во новото издание на ДСМ ИВ во 1980 г., како и во текст-ревизијата од 2000 г. (ДСМ IV-TR) хомосексуалноста е отстранета како дијагностичка категорија**. Светската здравствена организација (СЗО) во 1977 г. во „Меѓународната класификација на болести" (МКБ), 9 ревизија, хомосексуалноста ја вклучува како ментално заболување, но во МКБ – 10 ревизија ја отстранува, како резултат на 43-тата Светска здравствена асамблеја, одржана на 17 мај 1990 г.[44 45] **МКБ – 10 ревизија е официјален документ за класификацијата на болестите и растројствата и во Македонија и во неа стои: *„Сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за растројство"***.

Освен професионалците од областа на менталното здравје и на здравјето воопшто, и оние од обласата на бихевиористичките и на социјалните науки се согласни дека хомосексуалноста е нормален аспект на хуманата СО.[46] Оваа промена е одраз на промената во разбирањето на хомосексуалноста, која денес е прифатена како варијанта на хуманата сексуалност, а не како патолошко растројство и, сама по себе, не е извор на негативни психолошки ефекти, кои, доколку се јават, се последица на предрасудите кон хомосексуалните и кон бисексуалните лица.

Во „Психијатријата“ на Каплан и Седок, 10 издание[47], авторите велат дека „сексуалноста е детерминирана од анатомијата, физиологијата, културата во која живее личноста, од релациите со другите и од развојните искуства во текот на животниот циклус. Тоа ја вклучува и перцепцијата да се биде машко или женско и приватните мисли и фантазии, како и однесувањето“. Понатаму, „сексуалноста и севкупната персоналност се заемно поврзани до степен на невозможност да се зборува за сексуалноста како одделен ентитет. Терминот *психосексуален* се користи да се опише влијанието на сексуалноста врз личниот развој и врз функционирањето на индивидуите“. Во книгата авторите ја користат ДСМ IV-ТР-класификацијата и наведуваат дека абнормалната сексуалност и сексуалните дисфункции се опишани во точката 21.2 , а во точката 21.3 се сместени парафилиите и сексуалните р-р што не се среќаваат на друго место. За парафилиите (перверзиите) велат дека се „сексуални стимулуси или активности што отстапуваат од нормалното сексуално однесување и се неопходни за некои личности да доживеат возбуда и оргазам“ и, според ДСМ IV-ТР, тоа се однесува на: „педофилијата, фротеуризмот, воајеризмот, ексхибиционизмот и сексуалниот садизам... Останатите парафилии, како на пр., трансвеститскиот фетишизам, сексуалниот мазохизам, или оние што не се споменати на друго место (на пр. зоофилијата) стануваат клинички значајни само доколку предизвикуваат страдање или штета на социјалното, на професионалното функционирање или на други сфери на функционирањето...“.

**Во именуваната книга, како и во текстот на** ДСМ IV-ТР, **хомосексуалноста никаде не се споменува како растројство. Напротив, се нагласува обврската за исклучување на хомосексуалноста од листата на сексуални растројства, обврската за нејзината нормализација, а со тоа експлицитно се застапува новото гледиште на нормалноста во сексуалната ориентација.**

Освен класификацијата според ДСМ IV-ТР; во Европа е присутна и „Меѓународната класификација на болести“ (МКБ), 10 ревизија на СЗО, која е официјален документ при шифрирањето на болести / растројства во медицината и во Р. Македонија. Двете класификации користат пристапи што се суштествено компатибилни.

Во МКБ – 10 ревизија растројствата во сексуалната сфера се класификувани во неколку одделни поглавја со одделни шифри. Тука се: ***сексуалните дисфункции; растројството на половиот идентитет и на сексуалната ориентација*** (трансексуализам, трансвестизам со двојна улога, р-р на идентитетот во детството, други р-р на идентитетот, р-р на идентитетот неозначено, р-р на сексуалната склоност); ***растројството на сексуалната ориентација-парафилии*** (фетишизам, фетишистички трансвестизам, егзибиционизам, воаjеризам, педофилија, садо-мазохизам, мултипли р-р на сексуалната склоност; други р-р на сексуалната склоност; р-р на сексуалната склоност неозначено). Под шифрата *F 66*, која се однесува на психолошкото растројство, и р-р во обноските поврзани со сексуалниот развој и со ориентацијата стои:
***Забелешка: Половата ориентација, сама по себе, не треба да се смета за р-р.***

**Сексуалноста и сексуалната ориентација во достапната психолошко-психијатриска стручна литература во Македонија**

Најчесто користена психолошко-психијатриска стручна литература за студентите по медицина, психологија и по други сродни студии, како и за специјализанти и за стручни лица од овие области во Македонија е следнава:

- **МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА** од авторите Георги Чадловски, Ангелина Филиповска и Диана Белевска, издадена во 2004 г.

- **ПСИХИЈАТРИЈА (том 1 и том 2)** од авторите Георги Чадловски и соработници, издадена во 2004 г.

Во ова стручна литература, при опишувањето на растројствата, авторите се повикуваат на двете класификации на болести / растројства: МКБ – 10 ревизија и ДСМ III и ДСМ IV.

Во книгата **МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА**, во делот „Растројства на нагоните“ (стр. 171), во точката 2. Р-*р на нагоните за одржување на видот*, потточка а) Р-*р на сексуалниот нагон*, во вториот пасус , авторите, објаснувајќи ја потребата од *дефинирање на нормалната сексуална*

*активност* во насока на разбирање на сексуалниот нагон, велат дека таа претставува: „сексуална активност што ја прават две лица што се во период на физичка сексуална зрелост, што *припаѓаат на различни полови*, каде што активноста е доброволна и се случува зад затворена врата и завршува со коитус како максимално задоволство“.

**Дефинирајќи ја нормалноста на сексуалниот нагон на наведениот начин, авторите се определиле, како нормална, да ја дефинираат само „сексуалната активност што ја имаат две лица што припаѓаат на различни полови“ т.е. хетеросексуалната активност. Ограничувајќи ја нормалноста на сексуалната активност само на хетеросексуалната, авторите експлицитно ставаат до знаење дека секоја друга сексуална активност освен именуваната, т.е. сексуална активност помеѓу лица со друга сексуална ориентација (хомосексуална и бисексуална) не може да се смета за нормална.**

**Дефиницијата што ја застапуваат авторите е спротивна на доминантниот професионален став и официјалниот став во** ДСМ IV-ТР**: „хетеросексуалната, хомосексуалната и бисексуалната ориентација се нормални аспекти на хуманата сексуална ориентација“ и ставот изнесен во МКБ – 10 ревизија: *„Сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за растројство“*.**

Во поделбата на р-р на и квалитативни (инверзии или перверзии на сексуалниот нагон); во точката 1, авторите ги опишуваат инверзиите на сексуалниот нагон на следниов начин: „...растројства што ја насочуваат сексуалноста кон лица од ист пол, кон деца или кон постари луѓе... се среќаваат како симптоми на одредени душевни р-р (ментална ретардираност, шизофренија, деменции) или кај психопатски личности“.

**Со овој став авторите вршат директна патологизација на хомосексуалноста, наспроти ставовите во стручната литература и наспрема класификацијата на растројствата, бидејќи сметаат дека хомосексуалноста е инверзија / перверзија на сексуалниот нагон, т.е. квалитативно р-р; поистоветувајќи го насочувањето на сексуалноста кон лица од ист**

**пол (хомосексуалноста) со оној кон деца или кон постари лица. Авторите продолжуваат со објаснувањето дека овие растројства „се среќаваат како симптоми на одредени душевни р-р (ментална ретардираност, шизофренија, деменции) или кај психопатски личности“ со што се тврди дека лицата со хомосексуална ориентација се ментално ретардирани, страдаат од шизофрено р-р, од деменција или се психопатски личности.**

**Изнесените тврдења во однос на „сексуалноста кон лица од ист пол“ т.е. во однос на лицата со хомосексуална ориентација не се стручно и научно подкрепени, се базираат на произволни ставови и предрасуди, со кои авторите лицата со хомосексуална ориентација ги етикетираат како ненормални, ги патологизираат како ментално ретардирани, растроени и / или психопатски личности и жестоко ги стигматизираат.**

Патологизацијата на хомосексуалноста продолжува, и таа се опишува како „најчесто инверзивно растројство на сексуалниот нагон“ (стр. 175), објаснувајќи дека лицата со транзиторна хомосексуалност „…по враќањето во нормална средина… функционираат уредно на сексуален план...“, со што оставаат да се подразбере дека транзиторната хомосексуалност е неуредно функционирање, а хетеросексуалноста уредно.

За авторите есенцијален (или вистински) хомосексуализам значи: „… кога изборот е објект од истиот пол или пак објект од обата пола (бисексуалци или амбисексуалци)“.

Останувајќи цврсто на ставот за хомосексуалноста како патолошка појава, авторите, иако наведуваат дека таа е конституционално условена, не појаснуваат што подразбираат под тоа, ниту која е конституционалноста што води кон хомосексуалност. Сепак, според нив, токму конституционалноста е причината поради која хомосексуалноста **тешко може да се лекува**, што е уште една потврда за нивната определба хомосексуалноста да ја патологизираат и прогласат за болест / растројство.

Книгата изоболува со патологизирање и со произволни и крајно нестручни ставови во врска со хомосексуалноста што не се базирани на научни податоци: *„ ...хомосексуалноста може да биде во врска… при што едниот партнер е пасивен, а другиот активен“* или *„ ...во некои средини хомосексуалноста е социјално прифатена појава и се третира како нормална активност сè до оној момент додека таа не претставува злоупотреба на малолетни деца или на стари и изнемоштени лица…“.*

**Ваквиот официјален став на авторите наведува на мислење дека лицата со хомосексуална ориентација се со висок потенцијал на опасност во однос на овие две категории лица (малолетни и изнемоштени), како и воопшто во однос на својата социјална средина.**

Во натамошниот текст авторите дефинираат дека кај перверзиите „сексуалното задоволство се доживува на настран, искривоколчен начин“, за на стр. 179, случајно или намерно, да напишат дека, според ДСМ III, хомосексуализмот се наоѓа во посебен дел под групата „други психосексуални р-р“.
Се поставува прашањето која е причината поради која авторите во своето дело издадено во 2004 г. користат застарени класификации од 1980 г. (ДСМ III), иако таа е ревидирана во 1987 г., а во 1994 г. е издадена ДСМ ИВ, со текст-ревизија во 2000 г. (ДСМ IV-ТР). Притоа, во сите наведени изданија, **уште од 1980 г. хомосексуалноста е отстранета како дијагностичка категорија.**
Во серијата од произволни толкувања, авторите застапуваат тврдење дека постигнувањето на сексуалното задоволство и на оргазмот е единствено можно со „пенетрацијата на пенис во вагина“ и дека перверзиите се сексуални девијации, бидејќи сексуалното задоволството и оргазмот се постигнуваат без пенетрација на пенисот во вагината. **Со наведените тврдења авторите јасно ја фаворизираат хетеросексуалноста како единствен начин на постигнување на сексуално задоволство и на оргазам и едновремено тврдат дека сѐ останато е сексуална девијација или перверзија, „бидејќи сексуалното задоволството и оргазмот се постигнуваат без пенетрација на пенисот во вагината“.**

Во книгата **ПСИХИЈАТРИЈА (ТОМ 2)** од авторот Георги Чадловски и соработници[48], сексуалните растројства се опишуваат во делот „Бихевиорални синдроми“, во поглавјето 3, посветено на сексуалните дисфункции (од стр. 422). При дефинирањето на сексуалните дисфункции авторите се со став дека сексуалната ориентација не е детерминирачки фактор за нив и дека нив можат да ги искусат лицата со хетеросексуална, бисексуална и хомосексуална ориентација во некој момент од својот живот. Наведуваат и дека хомосексуалноста речиси во ниедно законодавство во светот не е предмет на судско-психијатриско вештачење и дека таа е декриминализирана, а со тоа и изедначена со хетеросексуалноста во сите правни облици.

Освен оваа воведна заложба за нормализација и декриминализација на хомосексуалната ориентација,  во преостанатиот дел од текстот посветен на сексуалниот нагон и сексуалните дисфункции авторите скоро без исклучок *не пропуштаат да ја споменат хомосексуалноста како дисфункција, настраност или растројство* .
Во класификацијата на сексуалните дисфункции авторите се повикуваат на постојните класификации во МКБ – 10 ревизија и ДСМ IV. Според нив „ДСМ IV, сексуалните р-р ги групира во еден дијагностички блок: сексуални растројства и растројства на половиот идентитет“, појаснувајќи: „Тие понатаму се класифицирани во три групи: 1. Сексуални пречки; 2. Парафилии и 3. Растројство на половиот идентитет“, дефинирајќи го последното како „силно и трајно поистоветување со спротивниот пол здружено со трајна непријатност кон сопствениот пол“.
Повикувајќи се на ДСМ-класификацијата, авторите, случајно или намерно, го занемаруваат фактот дека хомосексуалноста е отстранета како дијагностичка категорија во 1980 г. Последната ДСМ-класификација во 2000 г. е ревидирана во ДСМ ИВ-ТР, како  мултиаксијален / мултидимензијален класификациски систем, во кој сексуалните дисфункции се категоризирани во Аксис И (Аџис И) растројства и се распределени во 7 големи категории. На 7 место се сексуалните дисфункции неспецифизирани на друго место (парафилии или перверзии) и во нив спаѓаат: егзибиционизмот, фетишизмот, фротеуризмот, педофилијата, сексуалниот садизам, сексуалниот мазохизам, воајеризмот,  трансвеститскиот фетишизам и, последно, парафилиите неспецифизирани на друго место[49]. Во последниве, набројани се примери за кои се вели дека не се ограничени на: телефонска скатологија, некрофилија, парцијализам, зоофилија, копрофилија, клизмафилија и урофилија[50].

Втората класификација на која се повикуваат авторите е МКБ на СЗО, која е прифатена како официјален документ при класификација на болестите / растројствата во Македонија. Слично на ДСМ и  во МКБ – 10  ревизија стои: ***„Сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за растројство“.***
Според тоа, не станува збор за декриминализација туку за депатологизација т.е. нормализација на СО без оглед на тоа дали станува збор за хомосексуална, хетеросексуална или за бисексуална ориентација.

Во делот „Растројства на личноста и на однесувањето кај возрасни“, во истата книга, авторите Камка Пакетчиева, Антони Новотни и Георги Чадловски, на стр. 458 ја разработуваат нивната класификацијата според МКБ – 10 ревизија, додека, пак, на стр. 459 во последната група растројства: „Психолошки р-р и р-р на односите поврзани со сексуалниот развој и ориентација и со други р-р“, како последни три ги наведуваат: хетеросексуалноста, хомосексуалноста и бисексуалноста, што не е во согласност со содржината на МКБ – 10 ревизија, каде што воопшто и не се споменуваат. И во разработката на растројствата, авторите понатаму не ги споменуваат. Напротив, во тој дел јасно се дефинира дека сексуалната ориентација не е предмет на класификацијата.

Во книгата **ПСИХИЈАТРИЈА (ТОМ 1)**, во поглавјето „Главни клинички манифестации (симптоми и синдроми) на менталните растројства“, во делот 1. Симптоми и синдроми што водат потекло од растроените психолошки функции, под бр. 8 се сместени симптомите и синдромите што потекнуваат од **растројствата на нагонската сфера**. Во овој дел следува непрекината низа на растројства на нагоните, почнувајќи од нагонот за исхрана, за живеење и за сексуалниот нагон. Во врска со последните, набројани се следните растројства: сатиријаза, нимфоманија, импотенција, фригидност, по која следува хомосексуалноста, за која пишува „насочување на сексуалниот нагон кон сопствениот пол“. Во растројствата е опишан и *метатропизмот* како растројство при кое сексуалното задоволство мажот го доживува со пасивност, препуштајќи ја неговата сексуална улога како објект на жената.

Иако авторите, во класификацијата и описот на растројствата во психијатријата, се повикуваат на МКБ – 10 ревизија и на ДСМ, во деловите посветени на сексуалниот нагон и на сексуалноста во поширока смисла, тие нив не ги почитуваат и внесуваат свои толкувања како и нови растројства неспоменувани во наведените класификации. Тешкотија претставува и фактот што авторите не наведуваат извори на изнесените ставови во своите два тома со што би овозможиле појасен увид во наводите и тврдењата.

**Заклучок:**

Во книгите „Медицинска психологија“ ( Георги Чадловски, Диана Белевска и Ангелина Филиповска) и „Психијатрија“ – том 1 и том 2 (Георги Чадловски и соработници), при дефинирањето на нормалноста во сексуалноста, сексуалниот нагон и на растројствата на нагонот, пред сè, во однос на сексуалната ориентација, авторите користат толкувања, ставови и класификации што не се базираат на современата научна мисла и не се во склад со постојните официјални документи за класификација на болестите / растројствата.
Со оглед на тоа дека се работи за стручна литература што ја користат како базична материја во совладувањето на знаењата од областа на медицинската психологија и психијатрија студентите по медицина, психологија и по други сродни дисциплини, како и специјализантите во овие области, изнесените тврдења на авторите во однос на сексуалната ориентација јасно ја фаворизираат хетеросексуалноста како единствена нормалност и лесно можат да ги доведат идните стручни лица во заблуда, патологизирајќи ја хомосексуалноста.
Заземајќи ги наведените ставови, авторите, освен што погрешно ја информираат студентската и општата јавност, придонесуваат и за продлабочување на стигмата, етикетирањето и на маргинализацијата на лицата со различна сексуална ориентација.

**Препорака**

Имајќи ги предвид сериозноста и далекусежноста на последиците врз стручната и општата јавност од изнесените нестручни и непрофесионални ставови во именуваната стручна литература, неопходно е да се достави барање до авторите за нивна ревизија во спорните делови. Со тоа би се промовирала стручната и научна мисла и би се превенирала понатамошната стигматизација и маргинализација на лицата со различна сексуална ориентација.

# Хомосексуалноста во учебниците од областа на правните науки во Република Македонија

Беким Кадриу

## 1. Вовед

Во овој проект се анализира содржината на одредени учебници што се во употреба во наставниот процес во Македонија и се оценува каков пристап имаат тие кон прашањата што, директно или индиректно, ги тангираат ЛГБТ-лицата. Ова истражување е значајно да се направи со оглед на фактот што анализираните учебници се употребуваат како основна литература во конкретни наставни, односно студиски програми. Некои од нив се употребуваат во средното образование, а некои во високото образование.
Ваквото истражување се прави заради големото значење што му се дава на образованието за човековите права, како и заради потребата во образовниот процес да се промовира и зацврстува духот на толеранцијата, мирот и недискриминацијата. Според Конвенцијата за правата на детето, една од основните цели на образованието на децата треба да биде нивното подготвување „за одговорен живот во слободното општество, во духот на разбирањето, мирот, толеранцијата, еднаквоста на половите и пријателството меѓу сите луѓе, етнички, национални и верски групи и луѓето со домородно потекло“.[51]
Според Комитетот за правата на детето, промовирањето на овие вредности кај децата не е неопходно само поради проблемите на други места, туку и поради проблемите во општеството во кое детето живее, и бара мултидисциплинарен пристап. Промовирањето на овие вредности треба да се прави и во самото семејство, но образовните институции мора да одиграат значајана улога.[52]
Улогата на образовните програми за елиминирање на предрасудите и дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација ја подвлекуваат и Принципите од Јогјакарта (*Yogyakarta*) за примена на меѓународното право за човекови права во однос на сексуалната ориентација и родовиот идентитет[53]. Според овие принципи, државите треба да „обезбедат образовни методи,

курикулуми и средства што ќе служат за разбирање и почит на различните сексуални ориентации и родови идентитети, вклучувајќи ги и посебните потреби на студентите, нивните родители и на членовите на семејствата, кои се поврзани на овие основи“.[54] Исто така, државите-членки треба да преземат мерки, вклучително и во образовните програми, со цел елиминација на предрасудите и дискриминацијата „кои се поврзани со идејата за инфериорност или за супериорност на која било сексуална ориентација, кој било родов идентитет или кое било родово изразување“.[55]

## 2. Генерален осврт на книгите

Од анализата на книгите може да се забележи дека, генерално, во нив недостасува дебата за прашањата што ги тангираат лицата од различните сексуални ориентации или родови идентитети. Недостатокот од дебата за постоењето на различни сексуални ориентации и родови идентитети, како и од дебата за прашањата и потребите што ги тангираат лицата од различните сексуални ориентации и родови идентитети, има негативно влијание во образовниот процес, затоа што на учениците и студентите им се наметнува идејата дека постои само една сексуална ориентација, а тоа е хетеросексуалната. На овој начин, кај учениците и студентите се развива идејата дека сè што е надвор од оваа матрица е неприфатливо, па поради тоа градат и стереотипи и предрасуди спрема лицата со нехетеросексуална ориентација.
Ваквото замолкнување на дебатата за сексуалните ориентации, воопшто, за лицата кои им припаѓаат на различните сексуални ориентации и за нивните потреби, развива состојба на страв, неспокојство и на тишина и поттикнува насилство кај учениците и студентите. Вознемирувањето на ЛГБТ-лицата во образовниот процес е позната појава, не само кај нас, туку секаде во Европа[56] , а е последица токму од овој недостаток. Од друга страна, оваа состојба има негативен ефект и врз самите ученици и студенти што се со нехеторосексуална ориентација, кои, знаејќи како нивните наставници и соученици размислуваат, се приморани да ја сокриваат, односно да не ја изразуваат сопствената сексуална ориентација, да ја ставаат под прашање, што завршува со нивна социјална изолација и маргинализација.
Избегнувањето на воведување на теми што ја промовираат различноста во сексуалната оринтација и во родовиот идентитет не е во согласност ниту со меѓународните стандарди, кои инсистираат

образовните методи и курикулуми да го развиваат почитувањето и разбирањето на различните сексуални ориентации и родови идентитети, како и посебните потреби на учениците и на нивните родители, потреби што се поврзани со конкретната сексуална ориентација.[57]

## 3. Анализа на одделните книги

Во ова истражување анализирани се четири книги, и тоа: книгата „Граѓанско образование за средни стручни училишта“, книгата „Семејно право“ наменета за студентите по право, книгата „Политика на човековите права: основни поими“, наменета за студентите по социологија, социјална работа и социјална политика, како и книгата „Вовед во право за средно образование“.

### **3.1.** Книга „Граѓанско образование“

Книгата „Граѓанско образование“, според анализата, заслужува најголеми критики за тоа каков пристап има кон прашањата што ги тангираат ЛГБТ-лицата. Најголемите критики се поради тоа што во книгата, на 26 страница, кога се пишува за девијантните појави или за општествените девијации, хомосексуалноста се набројува како една од основните форми на девијантни појави, односно како нарушување на неформалните општествени норми.[58] Со овој начин на дефинирање, авторите на книгата сметаат дека во Македонија постои општествена норма според која хомосексуалноста е забранета, па така хомосексуалноста се смета како девијација на оваа општествена норма.
Дефинирањето на хомосексуалноста како девијација ги има истите ефекти што се наброија погоре, имено, пред сè, ги зацврстува стереотипите и предрасудите кон лицата со хомосексуална ориентација, ја смета како забранета хомосексуалноста и дебатата околу неа, влијае на изолација на лицата со хомосексуална ориентација, но и ја потикнува омразата и насилството спрема нив.

На овој начин, книгата има два основни недостатока. Прво, што не вклучува теми преку кои се сензибилизираат учениците со фактот на постоење на повеќе сексуални ориентации, како и промовирање на толеранцијата и еднаквоста за сите нив. Ова особено може да се направи во

делот, каде што се зборува за човековите права, дискриминацијата и за еднаквоста меѓу родовите. Второ, што е уште полошо, фактот што хомосексуалноста се дефинира како забранета односно како девијантна појава што ги нарушува општествените правила на однесување.
За штетата да биде поголема, во општествените девијации заедно со хомосексуалноста, организираниот криминал, со трговијата со опојни средства и со корупцијата, се набројуваат и бездомништвото, проституцијата и сиромаштијата.[59] Така, ако според Заводот за статистика, во 2010 година, 30,9% од граѓаните на Македонија се сиромашни[60], тогаш сите тие се однесуваат во спротивност со општествените норми на однесување, односно девијантно!
Во продолжение на книгата „Граѓанско образование“, спротивно на претходниот пристап, во делот, каде што се зборува за бракот, се вели дека бракот може да се јави во повеќе форми, и тоа: моногамија, полигамија, кохабитација, живот на самци, брак без деца и хомосексуални/лезбејски двојки.[61] На овој начин авторите признаваат дека браковите помеѓу лица од ист пол се нормална појава во светот. Овој пристап е позитивен, бидејќи на учениците им се дава поширок хоризонт на знаења. Имено, се напоменува дека бракот може да биде склучен и да функционира и помеѓу лица од ист пол, иако тоа не е случај во Македонија. Но, учениците се ставаат во забуна затоа што, прво, хомосексуалноста се дефинира како девијантно однесување, за, по 12 страници, да се признае дека бракот може да се јави и помеѓу лица од ист пол. Се поставува прашањето, како може едно девијантно однесување да се легализира во една заедница (брак), призната од правото?!

### **3.2.** Книга „Семејно право“

Втората анализирана книга е книгата „Семејно право“, наменета за студентите од правните студии. Основниот недостаток на оваа книга е што во ниту еден момент не зборува за правата на ЛГБТ-лицата, а има голем простор за тоа. Причината за тоа е што книгата има позитивистички пристап кон материјата што ја обработува, целосно осврнувајќи се на позитивното право на РМ што се однесува на семејните односи, а пред сè на Законот за семејство на РМ.[62] Книгата воопшто не се користи со компаративен или со теоретски пристап, за да воведе поширок спектрум на знаења и на ставови за студентите од правните факултети и со тоа да им овозможи да градат

сопствени критични ставови кон овие прашања.
Така, на почетокот, кога се зборува за начелата на семејното право, се зборува за начелото на еднаквост и се подвлекуваат еднаквоста помеѓу половите и еднаквоста помеѓу децата родени во брак и вон брак. На ова место воопшто не се зборува за тоа дали еднаквоста значи и право на лицата од ист пол да може да склучуваат брак. Со тоа, не значи дека треба да се прифати можноста лицата од ист пол да може да склучат брак. Но, потребно е да се дискутира, да се дадат аргументите „за“ и „против“, и да се напомене дека во голем број на држави во Европа и во некои сојузни држави во САД браковите помеѓу лицата од ист пол се легализираат. Исто така, кога се зборува за еднаквоста на децата, треба да се подвлече дека тие се еднакви и без оглед на нивата сексуална ориентација.
Во продолжение, во делот на брачното право, кај условите за склучување на брак, се објаснува условот „различност на половите“, со што се објаснува хетеросексуалниот карактер на бракот во Македонија. И на ова место во книгата, не се користи компаративниот метод и не се даваат аргументите „за“ и „против“ хетеросексуалните и хомосексуалните бракови. Во ред е што со книгата се објаснува законскиот пристап кон прашањето, но студентите треба да бидат информирани и за другите форми на склучување на брак (како хомосексуалните бракови или легализираните партнерства), со што ќе можат да градат и критичен пристап кон овие прашања. Аргументите „за“ и „против“ хомосексуалните бракови не се објаснуваат, што правилото на хетеросексуалните бракови го прави „единствена вистина“.
Во овој дел не се дебатира ниту за можноста за промена на полот, појава која е сè почеста во последно време. Тоа што недостасува е дебата околу правните последици и правните дилеми како ќе се третира едно лице, и од аспект на можноста за склучување на брак, ако го промени полот, а тоа не може да го регистрира во матичната евиденција. Тоа ги оневозможува овие лица да склучат брак. Во истиот правец, изостанува објаснување на меѓународната обврска, која потекнува од Европскиот суд за човекови права, и според која државите треба да овозможат промена на полот во матичните евиденции за лицата што претходно направиле промена со оперативен зафат.[63]
И во делот за посвојувањето, кога се зборува за условите за посвојување, треба да се анализира поподробно дали е можно едно лице-хомосексуалец да посвојува. Иако во Законот за семејство и во Правилникот за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски

пат не се зборува изрично за ова прашање, треба јасно да се подвлече дека, според праксата на Европскиот суд за човекови права, хомосексуалноста не смее да се земе како негативна околност при посвојувањето.[64] Ова е особено значајно, затоа што има можност, во делот „Морални вредности и ставови“, стручниот тим да дава негативни поени за можните посвоители што се хомосексуалци. Поради тоа, фокусот на ова прашање во книгата е значаен, а тој недостасува.
На крајот, мора да се спомене дека во книгата „Семејно право“ нема ниту еден дел за семејното насилство. Ваков дел мора да се опфати, со тоа што ќе има критички пристап кон новото законско решение од Законот за семејство[65] според кое жртва на семејно насилство не може да биде лице од хомосексуална врска, како што може да биде лице од хетеросексуална врска. Овој исклучок се прави преку дефинирањето на „блиски лични односи“ во член 94-б, став 3.[66]

### **3.3.** Книга „Политика на човековите права: Основни поими“

Оваа книга се занимава со основните концепти на политиката, државата, власта, политичкиот систем, демократијата и на човековите права. Со оглед на содржината, јасно се гледа дека во книгата изостануваат теми што ги тангираат ЛГБТ-лицата.
Како позитивен сегмент треба да се подвлече објаснувањето на универзалниот карактер на човековите слободи и права, што значи дека човековите права постојат за сите поединци, без разлика на нивните лични особини. Тоа индиректно го содржи во себе и барањето на еднаквост и недискриминација на ЛГБТ-лицата.
Сепак, објаснувањето на универзалноста на човековите права, само по себе, не значи многу за ЛГБТ-лицата. Затоа, останува генералниот впечаток дека изостануваат теми за ЛГБТ-лицата. Тоа не значи дека во книгата, по секоја цена, треба да има такви теми. Тоа ќе зависи од содржината на целокупниот курикулум за соодветните студии.

### **3.4.** Книга „Вовед во право“

Книгата „Вовед во право за средни училишта“ се осврнува на основните поими и концепти значајни за државата и за правото. Јасно се гледа дека изостануваат теми за ЛГБТ-лицата, но со

оглед на предметот на книгата, го повторуваме ставот дека не треба по секоја цена да има такви теми и во оваа книга. Тоа ќе зависи од содржината на курикулумот за соодветната наставна насока.

## 4. Заклучоци

Од анализата на книгите погоре може да се добие една генерална слика за тоа како учебниците што се во употреба во образовниот процес во Македонија ги третираат прашањата што ги тангираат ЛГБТ-лицата. Заклучокот е дека книгите многу малку или воопшто не ги тангираат овие прашања. Имено, јасно се гледа дека тенденцијата е сè уште да се држат како табу-тема прашањата за сексуалната ориентација, за постоењето на различни сексуални ориентации и на различни родови идентитети, за различните потреби за лицата од една или од друга сексуална ориентација или од еден или од друг родов идентитет.

Тоа што најмногу недостасува е потребата во учебниците да се промовира толеранцијата, еднаквоста и недискриминацијата на лицата од различни сексуални ориентации и родови идентитети, почитувањето и разбирањето, како и посебните потреби на учениците и нивните родители.

Во една од книгите се случува дури и обратно, т.е. хомосексуалноста се дефинира како девијантна појава, што има спротивни ефекти од тие на кои инсистираат меѓународните стандарди од оваа област.

## 5. Препораки

Врз основа на изнесеното во заклучоците, се препорачува, пред сè, анализа на сите учебници што се користат во наставниот процес во училиштата и на факултетите во Република Македонија. Особено треба да се опфатат учебниците од општествените науки (социологија, психологија, филозофија, право, и сл.), во кои има поголеми шанси да има недоследности во овој правец.

Се препорачува формирање на посебно тело во Министерството за образование и наука (или во рамките на Бирото за развој на образованието) што ќе ги прегледува книгите и ќе предлага

исклучување на содржини што би биле во спротивност со духот на толеранцијата, еднаквоста и на недискриминацијата на лицата со различни сексуални ориентации и родови идентитети.
Исто така, во соодветните учебници (не мора во секој учебник) се препорачува вметнување на содржини што ги промовираат толеранцијата, еднаквоста, недискриминацијата и правата на лицата од различните сексуални ориентации, во согласност со меѓународните стандарди и со добрите практики од други демократски држави. Овие теми не мора да бидат дел од секој учебник, па затоа треба многу да се внимава како се подготвуваат наставните програми и курикулумите на училиштата и на факултетите во Македонија.

## Белешка за авторите:

**Жана Врангалова** е докторски кандидат на Институтот за човеков развој на Корнел Универзитетот во Итака, САД. Додипломски студии има завршено во 2004г. на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Р. Македонија. Нејзините научни интереси се во областа на маргинални и нетрадиционални сексуални изразувања и идентитите, и нивниот однос со психичкото, социјалното и сексуалното здравје. Моментално е вклучена во два истражувачки проекти. Едниот се фокусира на разбирање на “претежно хетеросексуалните” лица, категорија на сексуалната ориентација која е најбројната не-хетеросексуална група, но до сега била запоставена од научните истражувања. Вториот проект ја истражува врската помеѓу “секс без љубов” меѓу младите луѓе и психичкото здравје. Нејзините истражувања се финансиски поддржани од Корнел Универзитетот, како и од Фондацијата за научно истражување на сексуалноста и од Здружението за психолошко изучување на социјални прашања. Има објавено поголем број на научни текстови во академски списанија и е член на неколку интернационални научни асоцијации од областа на психологијата и сексуалноста.

**Прим д-р Славица Гајдаѕис-Кнежевиќ** е невропсихијатар, субспецијалист по болести назависност, семеен и системски психотерапевт, директор на Институтот за брак, семејство и системска пракса - АЛТЕРНАТИВА и менаџер на Школата засемејна и системска психотерапија, мастер тренер и супервизор

**Беким Кадриу** дипломирал 2000 г. на Правниот Факултет во Скопје. Има завршено две магистерски студии, едната од областа на Меѓународното право и меѓународната политика а другата од областа на Меѓународните човекови слободи и права. Во неомври 2010 година се стекнува со научниот наслов доктор на правни науки, и тоа од областа на недискриминацијата. После дипломирањето, Кадриу продолжува да работи во акадамската област. Имено, прво се ангажира како асистент-демонстратор во Правниот факултет во Скопје, а потоа, од 2002 година е ангажиран како асистент во Правниот факултет на Универзитетот на Југоситочна Европа.

После докторирањето е ангажиран како Доцент на Правниот факултет на Државниот универзитет во Тетово. Предава предмети од областа меѓународно право и човекови права. Покрај преавања, Кадриу има издадено солиден број на научни трудови, во земјата и во странство. Трудовите се однесуваат пред се на областа на дискриминацијата, човековите права, но и трудови од областа на меѓународното право. Покрај научни трудови, Кадриу е ангажира и како експерт од овие области во голем број на истражувања кои се направени во Македонија. Кадриу е оженет и е татко на две деца, живее во Скопје и зборува одлично, покрај службените јазици во Македонија, и Англиски јазик.

**Катерина Колозова** е професорка по филозофија, социолошка теорија и родови студии на Универзитетот American College во Скопје. Таа е доктор на науки по Филозофија. Работи и како визитинг професор на неколку универзитети во поранешна Југославија и Бугарија. Во текот на 2008-2009 Колозова беше гостувачки научник на Одделот за реторика (Програма за Критичка теорија) на Универзитетот во Клаифорнија - Berkeley. Колозова е авторка на The Lived Revolution: Solidarity with the Body in Pain As the New Political Universal (2010), The Real and “I”: On the Limit and the Self 2006), The Crisis of the Subject with Judith Butler and Zarko Trajanoski (2002), Смртта и Хелените: За трагичните концепти на смртта од антиката до модерната (2000), и уредник на повеќе книги од областа на родовите студии и феминистичката теорија, меѓу кои и последната ко-уредена со Светлана Слапшак и Јелисавета Благојевиќ: Gender and Identity: Theories from/on Southeastern Europe, Belgrade: Belgrade Women’s Studies and Gender Research Center and Athena Network (2006). Таа е главен уредник на Journal in Politics, Gender and Culture “Identities,” член на Уредувачкиот одбор на Punctum Books, член на Non-Philosophical Society (ONPHI) и AtGender (The European Network for Feminist and Gender Studies).

**Георги Медаров** магистрирал на Глобална политичка економија на Универзитетот Сасекс, Брајтон, Белика Британија. Моментално работи на својата докторска теза на катедрата за Социологија на Софискиот Универзитет, Бугарија, а ја истражува кризата на либерализмот во пост-89-та Бугарија, со посебен фокус на изборните афинитети помеѓу неолиберализмот и авторитарниот популизам. Исто така работи како истражувач во “Za Zemiata” Environmental As

sociation по однос околината (environmentalism) и човековите права. Георги Медаров е еден од основачите на центарот за критичка политичка дебата “Xaspel” во Софија.

**Жарко Трајаноски** е магистер по човекови права. Неговата магистерсика теза е од областа на сексуалноста и човековите права. Долги години работи како активист за човекови права на маргинализираните заедници. Бил уредник на списанието Идентитети и предавач на школата за род и политика на Институтот Евро Балкан. Во моментов работи како консултант во Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“.

# БЕЛЕШКИ

[1] Report of the United Nations Special Rapporteur on the right to education (the interim report on the right to education submitted by Vernor Muñoz, Special Rapporteur on the right to education), 23 July 2010, http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N10/462/13/PDF/N1046213.pdf?OpenElement.

[2] THE YOGYAKARTA PRINCIPLES on the Application of International Human Rights Law in relation to Sexual Orientation and Gender Identity (Principle 16), http://www.yogyakartaprinciples.org/principles_en.htm.

[3] Една од заложбите на УНЕСКО е да работи со националните партнери на промоција на „еднаквоста, почитта, толеранцијата и достоинството и да ги предизвикува штетните социјални и родови норми и практики, стигмата и дискриминацијата, и хомофобијата“.

[4] International Technical Guidance on Sexuality Education, UNESCO, December 2009, http://unesdoc.unesco.org/images/0018/001832/183281e.pdf. На пример, една од клучните идеи за образованието наменето за возраст од 9-12 години е: „Злоставувањето и малтретирањето на некој врз основа на здравствениот сттаус, боја, потекло, сексуална ориентација или други разлики претставува израз на непочитување, повреда и насилство врз човековите права “ (стр. 10).

[5] Report of the United Nations Special Rapporteur on the right to education (the interim report on the right to education submitted by Vernor Muñoz, Special Rapporteur on the right to education), 23 July 2010, http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N10/462/13/PDF/N1046213.pdf?OpenElement.

[6] Според THE YOGYAKARTA PRINCIPLES on the Application of International Human Rights Law in relation to Sexual Orientation and Gender Identity (Principle 16, d), http://www.yogyakartaprinciples.org/principles_en.htm.

[7] Schools must stop spreading homophobic and transphobic messages, Posted on 2011-09-27, http://commissioner.cws.coe.int/tiki-view_blog_post.php?postId=181.

[8] Recommendation CM/Rec(2010)5 of the Committee of Ministers to member states on measures to combat discrimination on grounds of sexual orientation or gender identity, (Adopted by the Committee of Ministers on 31 March 2010 at the 1081st meeting of the Ministers' Deputies), https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1606669.

[9] Progress Report, 2011, p. 18. http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf

[10] Во однос на законот, извештајот укажува и на следново: „законот за недискриминација останува да биде целосно изедначен со acquis. Дискримнацијата врз основа на сексуална ориентација сеуште е испуштена од законот “ (p. 18)

[11] В. „Љубов само после часови - Проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија“, Х.Е.Р.А, Скопје, 2010, стр. 59. Други заклучоци од истражувањето

се дека „кај учениците не се подига свеста за потребата од борба против дискриминацијата, за негативните стереотипи и предрасуди и за социјалното исклучување врз основа на сексуалната ориентација, родот, здравствениот или на некој друг статус“ и дека „кај учениците не се градат вештини за препознавање на дискриминацијата и за негативните стереотипи и предрасуди“.

[12] МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Мај 2010: „Два од учебниците се потпишани од проф. д-р Георги Чадловски (Психијатрија 1 и 2; Просветно дело; Скопје; 2004 и Медицинска Психологија; Просветно дело, Скопје, 2004), а еден од проф. Олга Шкариќ (Развојна Психологија; Филозофски факултет, Скопје, 2004 ). Исто така, во средното образование, во употреба се учебниците од Марија Костова, Анета Бараковска и Ели Маказлиева (уредници). (Педагогија за трета година гимназиско, изборен предмет, Просветно Дело 2005); Темков Кирил (Етика за втора година на гимназиското образование, Просветно Дело 2004)“ (http://www.mhc.org.mk/?ItemID=8FC7A2680F84FC4284A20A0CCA1AD29A).

[13] Деловите каде што хомосексуалноста беше опишана како „опачина“ (заедно со половите болести, проституцијата, силувањето, алкохолизмот и со наркоманијата), а хомосексуалците како учесници на “...изопачен, неприроден, и, што би рекле, ненормален сексуален живот“ и „личности со тешки психички потешкотии и пречки”.

[14] „Such neglect of LGBT issues stands uneasy in the textbook, given the fact that LGBT and human rights pressure and activists groups are in the center of current political and civic debates regarding human rights and EU integration, particularly in Eastern Europe.“

[15] queer

[16] „сексуална активност што ја прават две лица, кои се во период на физичка сексуална зрелост, кои припаѓаат на различни полови, каде што активноста е доброволна и се случува зад затворена врата и завршува со коитус како максимално задоволство”

[17] „Со наведените тврдења авторите јасно ја фаворизираат хетеросексуалноста како единствен начин на постигнување на сексуално задоволство и оргазам и едновремено тврдат дека е сè освен тоа сексуална девијација или перверзија, „бидејќи сексуалното задоволството и оргазмот се постиг-нуваат без пенетрација на пенисот во вагината“.“

[18] Да се провери како е точно, Социјална патологија, стр. 350!!!

[19] Психологија на детството и адолесценцијата (Мурџева-Шкариќ, 2009), Психологија на возрасните и стареењето (Мурџева-Шкариќ, 2010), и Психологија на родот: Родовиот идентитет и родовите улоги (Мурџева-Шкариќ, 2002)

[20] „Во поглавието кое се бави со сексуалната ориентација таа неколку пати изјавува дека хомосексуалноста треба да се отфрли бидејќи таа со коси со религиозните убедувања, цитира истражувања издадени во верски публикации како извор на научни факти (на пр. Јоурнал оф Пасторал Царе), и дава изјави од типот “машкоста и женскоста се дадени од Господа.”“

[21] како што се темите „the contemporary achievements of gender theory, the role of LGBT struggles for recognition; the LGBT dimension of human rights; homophobia and anti-LGBT discrimination (from physical attacks, prejudices, stigma

tization, structural violence, etc.), the pivotal importance of LGBT people in contemporary public debates (for example in relation to EU integration)...“.

[22] На пример, во учебникот за Социјална патологија (2002) на стр. 349, 350 и во Социологија (1998) на стр. 157

[23] Jan Blommaert, Discourse (Cambridge: Cambridge University Press, 2005).

[24] Claude Mosseé, La femme dans la Grèce antique (Bruxelles : Editions Complexe, 1991)

[25] Арент е сепак спомната на 263 страница, а, исто така, и Роза Луксембург на 281 страница.

[26] Medicinska psihologija: Cadlovski, Georgi; Filipovska,Angelina; Belevska, Diana; Skopje, 2004

[27] Psihijatrija, tom 1 i tom 2: Cadlovski Georgi i sorabotnici; Prosvetno delo AD, Skopje, 2004

[28] Kaplan & Sadock’s Synopsis of Psychiatry: Behavioral Sciences/Clinical Psychiatry, 10th Edition; Authors: Sadock, Benjamin James; Sadock, Virginia Alcott ; Copyright Â©2007 Lippincott Williams & Wilkins

[29] Kaplan & Sadock’s Synopsis of Psychiatry: Behavioral Sciences/Clinical Psychiatry, 10th Edition; Authors: Sadock, Benjamin James; Sadock, Virginia Alcott ; Copyright Â©2007 Lippincott Williams & Wilkins

[30] http://www.religioustolerance.org/hom_fixe.htm

[31] http://www.courtinfo.ca.gov/courts/supreme/highprofile/documents/Amer_Psychological_Assn_Amicus_Curiae_Brief.pdf

[32] Kaplan & Sadock’s Synopsis of Psychiatry: Behavioral Sciences/Clinical Psychiatry, 10th Edition; Authors: Sadock, Benjamin James; Sadock, Virginia Alcott ; Copyright Â©2007 Lippincott Williams & Wilkins

[33] Kaplan & Sadock’s Synopsis of Psychiatry: Behavioral Sciences/Clinical Psychiatry, 10th Edition; Authors: Sadock, Benjamin James; Sadock, Virginia Alcott ; Copyright Â©2007 Lippincott Williams & Wilkins

[34] http://en.wikipedia.org/wiki/International_Standard_Book_Number

[35] http://timesofindia.indiatimes.com/Delhi-High-Court-legalizes-homosexuality/articleshow/4726608.cms

[36] http://www.eurekalert.org/pub_releases/2007-10/cums-bgm100207.php

[37] http://www.apa.org/journals/features/ccp733477.pdf

[38] http://www.soulforce.org/article/642

[39] http://aappolicy.aappublications.org/cgi/content/full/pediatrics;113/6/1827

[40] http://en.wikipedia.org/wiki/Homosexuality#cite_ref-intro_73-0

[41] http://www.courtinfo.ca.gov/courts/supreme/highprofile/documents/Amer_Psychological_Assn_Amicus_Curiae_Brief.pdf

[42] http://www.soulforce.org/article/642

[43] http://www.urban.org/UploadedPDF/1000491_gl_partner_households.pdf

[44] http://www.apa.org/pi/lgbt/resources/therapeutic-response.pdf

[45] http://www.ilga.org/news_results.asp?LanguageID=1&FileCategory=50&FileID=546

[46] http://www.apa.org/about/governance/council/policy/sexual-orientation.aspx

[47] Kaplan & Sadock’s Synopsis of Psychiatry: Behavioral Sciences/Clinical Psychiatry, 10th Edition; Authors: Sadock, Benjamin James; Sadock, Virginia Alcott ; Copyright Â©2007 Lippincott Williams & Wilkins

[48] Психијатрија том 1 и 2: Чадловски, Георги и соработници; Просветно дело, АД Скопје, 2004
[49] http://www.psychiatrictimes.com/display/article/10168/55266.
[50] Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders. 4th ed. Text rev. Washington, DC: American Psychiatric Association; copyright 2000
[51] Конвенција за правата на детето, член 29(1)(д).
[52] Комитет за правата на детето, Општ Коментар број 1, Целите на образованието, 2001, пара. 13.
[53] Принципите од Јогјакарта за примена на меѓународното право за човекови права во однос на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, 2007 година. Овие принципи се создадени од страна на реномирани меѓународни правници, но сè уште не успеале да се наметнат како официјални принципи на Обединетите нации. В. на официјалната интернет-страница: http://www.yogyakartaprinciples.org/.
[54] Принцип 16(д).
[55] Принцип 2(ф).
[56] За дискриминацијата и вознемирувањето врз основа на сексуалната ориентација во образовниот процес во државите-членки на ЕУ, како и проблемот на недостаток на дебата во курикулумите на образовните институции, в. European Union Agency for Fundamental Rights, Homophobia and discrimination on grounds of sexual orientation and gender identity in the EU Member states: Part II, The social situation, 2009, стр. 68-76.
[57] Принципите од Јогјакарта, цитирани погоре во фуснота 3, Принцип 16, Правото на образование, точка д.
[58] Граѓанско образование, Скопје, 2002, стр. 26.
[59] Ибид, стр. 26 и 27.
[60] Во Македонија минатата година евидентирани 30,9 отсто сиромашни, 12.7.2011, достапна на http://sitel.com.mk/dnevnik/biznis/vo-makedonija-minatata-godina-evidentirani-309-otsto-siromashni.
[61] Граѓанско образование, Скопје, 2002, стр. 38-39.
[62] Закон за семејство, Службен весник на РМ број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010 и 156/2010.
[63] Европски суд за човекови права, случај Christine Goodwin против Обединетото Кралство, пресуда од 11 јули 2002 година, достапна на официјалната база на ЕСЧП ХУДОК, на интернет-страницата: http://cmiskp.echr.coe.int/tkp197/view.asp?item=1&portal=hbkm&action=html&highlight=goodwin%20|%20the%20|%20United%20|%20Kingdom%20|%2014&sessionid=79365558&skin=hudoc-en
[64] Европски суд за човекови права, случај Е.Б. против Франција, Пресуда од 22 Јануари 2008 година, достапна на официјалната база на ЕСЧП ХУДОК, на интернет-страницата: http://cmiskp.echr.coe.int/tkp197/view.asp?item=29&portal=hbkm&action=html&highlight=a%20|%20france&sessionid=79365558&skin=hudoc-en.
[65] Закон за изменување и дополнување на законот за семејство, Службен весник на РМ број 84/2008 од 11.7.2008.
[66] Според овој став, „под „блиски лични односи“ во смисла на овој закон се подразбираат лични односи помеѓу лица од различен пол што се, или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница“. На овој начин, лица што не се во брак или во вонбрачна заедница, а се во лични односи, може да бараат заштита од семејно насилство само ако се од спротивен пол

**Издавач:**
Коалиција 'Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници'
www. coalition.org.mk
**Дизајн:**
Жерновски Велимир
Маневска Ангела
**Превод од англиски на македонски:**
Јулија Мицова
**Печати:** Датапонс - Скопје
**Број на копии:** 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

37.015.31:316.837(497.7)

ХОМОСЕКСУАЛНОСТА во образованието во Република Македонија / [главен уредник Жарко Трајаноски ; помошник уредник Славчо Димитров]. - Скопје : Коалиција "Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", 2011. - 76 стр. ; 21 см

Белешка за авторите: стр. 70-77. - Забелешки: стр. 73-76. - Библиографија: стр. 41-42

ISBN 978-608-65359-1-9

а) Наставни содржини - Хомосексуалност - Македонија
COBISS.MK-ID 90040586